Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Филозофски факултет – Скопје

Постдипломски магистерски студии по меѓународни односи
разрешување на конфликти, дипломатија и човекови права

Магистерски труд

# ДИПЛОМАТСКИОТ ДИЈАЛОГ И УЛОГАТА НА ИНТЕРНЕТОТ И СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО ПРОЦЕСОТ НА РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ

**Кандидат**
**Цветанка Јанкулоска**

**Ментор**
**Проф. д-р Ана Фрицханд**

Скопје, 2020

# СОДРЖИНА


1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ............................3
   1.1. Истражувачко прашање..........................................................................5
   1.2. Цели и задачи на истражувањето.......................................................6
   1.3. Дефинирање на проблемот на истражување.......................................7
   1.4. Дефинирање на клучните концепти.................................................... 9
   1.5. Операционализација на предметот на истражување.........................20
   1.6. Општа истражувачка хипотеза...........................................................20
   1.7. Истражувачки варијабли.....................................................................21
   1.8. Индикатори на истражување..............................................................21
   1.9. Истражувачки методи.........................................................................21
   1.10.Општествена оправданост на истражувањето.................................22
   1.11. Географска определба и период на истражување ..........................................................................22

2. ВОВЕД..................................................................................................23

3. ДИПЛОМАТИЈА – РАЗВОЈ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА ................................26
   3.1. Поим за дипломатија...........................................................................26
   3.2. Поим за дијалог.....................................................................................30
   3.3. Дипломатскиот дијалог во развојот на дигиталната (виртуелна) дипломатија ...............................................................................34

4. ПРОЦЕСОТ НА РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ.......................................41

5. ИНТЕРНЕТ И СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ..................................................47

6. СТУДИИ НА СЛУЧАЈ..............................................................................54

6.1. Азија – случајот на Индија - Пакистан....54
6.1.1. Историјат....54
6.1.2. Спорни точки....55
6.1.3. Мировни процеси....58
6.1.4. Улогата на виртуелната дипломатија во случајот Индија – Пакистан....62

6.2. Европа- случајот на Украина - Русија ....65
6.2.1. Историјат....65
6.2.2. Спорна точка....66
6.2.3. Мировни операции....71
6.2.4. Улогата на виртуелната дипломатија во случајот Украина- Русија ....74

7. ЗАКЛУЧОК ....77

8. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....81

# 1. ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Дипломатијата своите почетоци ги  има уште во времето на владеењето на египетските фараони, кои својата комуникација и интензивни дипломатски преписи со останатите владари во тогашниот цивилизиран свет ја практикувале уште пред новата ера. Најизразената потврдена форма на присуство на дипломатијата е во Грција во елинскиот период каде спроводниците на “гласините” биле пионерите на елинската дипломатска традиција, кои карактеристично за тоа време најчесто ги спроведувале ставовите на нивните лидери. Преносното значење на “ гласниците” и поимот дипломатија преставувало мудро, учтиво и внимателно однесување.

Дипломатијата како средство на надворешната политика преставува спроведување на меѓународните односи по пат на комуникација, вклучувајќи преговори кои водат до склучување на договори[1]. Водењето одредени преговори, подразбира интеракција на влади и држави кои преку комуникација настојуваат да влијаат на конечниот исход на одреден конфликт, а секогаш со цел за остварување одредени свои политики.

Спроведувањето на дипломатијата секогаш подразбира преговарање, односно процес во кој страните на спорот се обидуваат да изнајдат заедничко решение, потоа, иако необврзувачки, употреба на медијација односно инволвирање на непристрасна трета страна која ќе се обиде да ги спроведе “олеснувачките” околности за разрешување и склучување договор и секако дијалогот, кој самиот преставува вербална или невербална комуникација на страните.

Водењето на дипломатија во современиот денешен свет се повеќе се менува под влијанието на развојот на технолошките комуникациски средства.

[1] Виоти, П. & Каупи, М. (2009), *Меѓународни односи и светска политика-безбедност, економија, идентитет,* Академски печат, Скопје

Интернетот како широко распространета светска мрежа, која продолжува во рапиден подем, ја менува суштината на некогашните дипломатски планирани и спроведени активности и доведува, пред се, до многу брз трансфер на информации. Бидејќи информациите се тие кои ги обликуваат одлуките на светските лидери од голема важност е нивната точност или неточност, односно вистинитост. Применувањето на интернетот во дипломатијата неминовно доведе до создавање на т.н. виртуелна или интернет дипломатија која на голема врата се прифати од владите на државите во светот. Општата коресподенција помеѓу надворешните претставници се измени. Писмата, телеграмите и општите акти за многу кусо време се заменија со е-маил дописи, одговорите на поставените прашања се добиваат истовремено со поставеното прашање, без чекање на стандардната дипломатска пошта, а од друга страна многу брзо и ефикасно. Преписките на амбасадорите и конзуларните претставници заменети се со електронска пошта и заштедено е време и средства. Традиционалниот метод на лице во лице комуникација иако останува клучен во дипломатијата, сепак интернет дипломатијата е таа што прилично ефикасно обезбедува концентрација на содржината, јасност без недоразбирања, транспарентност, олеснување, занемарување на временските разлики, учество на повеќе страни итн. Овие “услови” се особено битни за малите земји со ограничени ресурси и финансии, а од кои се бара исполнување на одредени обврски во меѓународниот систем. Оттука сосема оправдано може да се каже дека интернетот преставува алатка за преговори[2].

Процесот на разрешување на конфликти наједноставно претставува процес на одржување на мирот, и е многу специфичен и зависен од конфликтот на кој се однесува. Факторите кои влијаат врз разрешувањето на конфликтот зависат од структурните елементи на конфликтот, односно конфликтната ситуација, однесувањето на конфликтните страни и нивните ставови т.е психологија. Процесот на разрешување на конфликти во улога на одржување на мирот и

[2] Марковски, Д. (2017) *Современи Дипломатски Методи.* Фондација Фридрих Еберт- Канцеларија, Скопје

неговата ефикасност е условена и од фазата во која се наоѓа конфликтот, па преземените приоди во разрешувањето ќе имаат различен ефект.

Преговарањето, медијацијата и дијалогот што се водат помеѓу страните на конфликтот, како и од страна на трети меѓународни актери поттикнуваат непреземање на конфликтни активности, помирување, истакнување на човековите права како примарни, едукација и поврзување на луѓето од различни средини, култури и религии.

Со оглед на сето погоре изнесено, во сегашното истражување ќе се докаже како, интернетот и електронските мрежи во поширока смисла влијаат врз процесот на разрешување на конфликтите, нужноста и ефикасноста на дипломатскиот дијалог. Студии на случај кои се детално разгледани и опишани во ова истражување се конфликтот во источна Европа помеѓу Украина и Русија и конфликтот во Азија помеѓу Индија и Пакистан. Иако дијаметрално различни во секој поглед, секој случај засебно ќе ја покаже важноста на примената на дипломатскиот дијалог и степенот на влијание на интернетот врз процесот на разрешување конфликти.

## 1.1. Истражувачко прашање

Главно истражувачко прашање:

1. Каква е улогата на дипломатскиот дијалог, интернетот и социјалните мрежи во процесот на разрешувањето на конфликти?

Од главното истражувачко прашање, произлегуваат следниве потпрашања:

1.1. Колкав е степенот на влијанието на високата технологија во спроведувањето на дипломатскиот дијалог и примена на современите приоди во разрешувањето на конфликтите?

1.2. Како функционира дипломатијата и што го дефинира дипломатскиот дијалог?

1.3. Кои се можностите и ограничувањата на современите приоди во разрешувањето на конфликтите во интернет ерата?

1.4. Кои приоди за разрешување на конфликти најчесто ќе се користат во случаите каде конфликтот прераснал во ,,природен,, заради должината на неговото постоење?

1.5. Колку дипломатскиот дијалог е неопходен, кои се најефикасните приоди кон разрешувањето на конфликтите и што ќе треба да се направи во иднина?

## 1.2. Цели и задачи на истражувањето

**Научна цел:**

Главна цел на ова истражување е анализа на дипломатскиот дијалог и улогата на интернетот и социјалните мрежи во процесот на разрешување конфликти. Во таа насока, се анализираат две студии на случај на земји кои се соочуваат со конфликти различни по времетраење, потекло и сложеност (поточно, ќе бидат анализирани случаите на Украина и Пакистан). Со ова се овозможува подобар увид во можностите и ограничувањата на дијалогот како основна дипломатска алатка во процесот на разрешување на конфликтите, како и во предностите и недостатоците на користењето на интернетот и социјалните мрежи во истиот процес. Конечно, резултатите од анализите можат да послужат како продлабочена ретроспектива за идно успешно толкување и примена на дипломатскиот дијалог и приодите кон разрешување на конфликти во современиот начин на комуницирање и живеење.

**Практична цел:**

Следејќи ја главната цел, практичните импликации на ова истражување се:

- Проценка на сложеноста на дипломатскиот дијалог во конфликтите и можноста за менување на курсот на движење на конфликтот.

- Идентификација на силните и слабите страни на современите приоди за разрешување на конфликти во наведените студии на случај.
- Дефинирање на идните чекори и приоди кон примената на дијалогот како основна дипломатска алатка при разрешување на конфликти во услови на постојан технолошки напредок и олеснување на протокот на информации.

## 1.3. Дефинирање на проблемот на истражување

**Теоретска рамка**

Во текот на истражувањето подетално се разгледани случаите на директен вооружен судир, каде конфликтот го менува интензитетот на насилство и јачина, пред се, заради должината на неговото траење, но и заради континуираниот дипломатски дијалог, директен, но често и медиумски, како и преземените приоди кон негово разрешување.

Вооружен конфликт Украина- Русија

- Конфликтот во Украина, кој започна пролетта 2014 година, претставува, навидум, внатрешен судир кој многу брзо достигна размери и на граѓанска војна. Без оглед на многубројните повикувања за претпазливост и пратените пораки за баланс на страните како и „сензитивната проблематика околу поврзаноста на страните кои директно или индиректно се инволвирани во истиот“, не беа доволни или не преземаа акција за негово спречување. Навлегувањето на руските трупи на територијата на Украина се случи во март 2014, кое беше поддржано од тамошното многубројно руско население, а исклучително од населението на Крим.

Сложеноста на конфликтот, кој се искомплицира до висок степен е резултат, пред се, на поделеноста на населението во Украина. Украина е земја која претставува дел од големата советска федерација, па аналогно на тоа има многу проруски поддржувачи и тоа најмногу во југоисточниот дел на земјата. Од друга страна, реален е фактот дека земјата без разлика на нејзиното минато се

развива и постои како дел од демократска Европа и треба да ги следи развојните трендови во сите области на своето постоење, да се гради демократски и да опстојува. Демонстрациите на украинското граѓанство во западниот дел, наречени Еуромејдан се претходница на дестабилизацијата на земјата и навлегувањето на руските трупи.

Немирите многу брзо прераснаа во вооружен конфликт кој придонесе до нанесување многу штета и предизвика голем број човечки загуби. Организацијата за европска безбедност и соработка (ОБСЕ) соопшти дека уште во првата година во конфликтите во источниот дел на Украина загинале над 160 луѓе, а од почетокот на воената криза загинале над 10 илјади и дека ситуацијата во регионот Донбас е нестабилна и непредвидлива.[3]

Во 2015 година беше постигнат мировен договор во Минск, но тој постојано се прекршува. Нормандиската четворка на лидерите на Германија, Франција, Русија и Украина постигнаа договор на 12-ти февруари во Минск за поддршка на договорот на Контакт групата во 13 точки, со кој се предвидува примирје на територијата на Украина.[4]

Вооружен конфликт Индија-Пакистан

- Воениот судир во Азија, преставува 70-годишен вооружен конфликт, помеѓу Пакистан и Индија. Низ децениите кои поминаа, преставува манифестација на огромно нерационално непријателство и се уште придонесува за големи загуби на политичко, културно и меѓународно поле за двете соседни земји.

Пакистан и Индија, земји на јужниот дел од Азија, од денот на добивањето на нивната независност се наоѓаат во позиција на постојан вооружен судир. Во

[3] https://www.slobodnaevropa.mk/a/29409962.html

[4] Dr. Butenko, V. & Dr. Zürcher, S. (2017). *Ukraine – Russia: Relationships 2014 – present*. Simulation of Negotiations: Ukraine-Russia-European Union Relations.

изминатите 7 децении воделе неколку војни, а главната причина уште на самиот почеток од нивното осамостојување е територијата Кашмир. Пакистан е муслиманска земја која низ годините на постојано војување ги прифати и примени дури и муџахединските банди и постојано предизвикуваше насилство, терор и разгорување на исламската омраза и превласт. Индија, хиндуистичка земја, значително помоќна и географски и по бројност, секогаш даваше жесток одговор на пакистанските провокации кои знаеја да траат подолг период и да доведат до привремени примирја, но со огромен број на изгубени човечки животи и крвопролевање.

Нерационалното воено однесување, постојаните вооружени судири и илјадниците однесени човечки жртви, на населението му создадоа животен стил на постојана воена состојба која е единствената природна и возможна. Оддалечувањето од основните животни суштински вредности и немањето трошка совест за загриженост, воените генерали продолжуваат со саботирање на демократијата за сметка на националната безбедност, особено во Пакистан со што се дебалансираат односите во меѓународната политика. Од друга страна, заостанувањето на културен план е исто така се поприсутно, пред се за Пакистан заграден географски и понатаму затварајќи се во арапскиот свет.

Повремените дипломатски средби и одредени поставени ограничувања за војување, одвреме-навреме биле почитувани, но секогаш се нарушени.

## 1.4 Дефинирање на клучните концепти

### Дипломатски дијалог

Под дипломатски дијалог најчесто се подразбираат сите видови преговори, консултации или едноставно размена на информации помеѓу претставниците на страните кои учествуваат во него, а во врска со прашања кои се од заеднички интерес и се однесуваат на разрешување или надминување на конфликтот. Дипломатскиот дијалог преставува процес во дипломатијата која се спроведува од страните во комуникацијата.

Одредувањето на дипломатијата во литературата започнува со нејзината примена поистоветена со интелигенција и ритам на водење официјални односи меѓу владите на државите, потоа е широко претставена преку создавање меѓународни односи со пропаганда и примена на правото, за да истовремено се поврзе со договорниот однос помеѓу државите и други актери во корелација на советување, насочување и спроведување надворешна политика.

Генерално земено, под дипломатија се подразбира способност, вештина односно умешност во водењето на некоја работа. Нејзиното значење не е можно да се одреди без поврзување со поимот „надворешна политика“ на државата што ја води неа како субјект на меѓународните односи и меѓународното право. Затоа и најчесто се истакнува дека дипломатијата е средство на надворешната политика на една држава[5].

Примарното средство со кое државите се обидуваат да влијаат врз другите држави е дипломатијата. Дипломатските интеракции претставуваат создавање на меѓународните односи. Таквите активности претставуваат главни средства со кои државите се обидуваат да ја искористат својата моќ за остварување и унапредување на своите цели и интереси.

Дипломатскиот дијалог претставува отворена манифестација на јавната дипломатија, која како дисциплина се занимава со влијанието на ставовите на јавноста на формирањето и водењето на надворешната политика. Надворешната политика преставува збир на активностите на државата во однос на другите меѓународни субјекти, на која основниот мотив и претставува реализација на сопствените интереси. Оттука произлегува дека задача на надворешната политика, освен водењето на успешни политики и донесување политички одлуки, е реализирање на истите, што воедно и претставува функција на дипломатијата.

[5] Достинова Запрова,Т. Сотироски, Љ. (2014). *Дипломатска организација, дејност и професија.* Универзитет „Гоце Делчев” - Штип .

Надворешната политика е поим со широко значење кој во себе го вклучува и поимот дипломатија.[6]

Глобализацијата и растечките процеси на демократизацијата во државите низ светот и различните општества, поттикнати од техничко-технолошкиот развој и економскиот напредок, предизвикуваат создавање на нови концепти на дејствување на современата дипломатија. Во научната теорија модерната дипломатија претставува отворена, јавна дипломатија сочинета од новите актери на пара-дипломатијата, а потпомогната од мас медиумите и социјалната интернет мрежа[7]. Јавната дипломатија како спротивност на тајната дипломатија, се покажа многу делотворна, бидејќи ја доближи надворешната политика на државата до граѓаните и овозможи преку нивните реакции да донесе оценка за исправноста на сопствената работа, а со тоа и планирање на потезите во иднина. Неуморната работа на недржавните актери во современата дипломатија, станаа составен дел од меѓународните прашања со коишто се соочува современиот свет, создавајќи свои спроводници од типот на меѓународни институции, невладини организации, а честопати и демонстрации, со цел создавање на јавно мислење и вршење притисок на одредена политика на некоја држава. Мултилатерализмот и неговите форми, во денешно време, каде протокот на информации е на високо ниво и многу лесно достапен, придонесува за трансформација на дипломатијата која подразбира соработка и координација меѓу институциите во изнаоѓање на различни решенија.

Јавната дипломатија опфаќа димензии на надворешни односи надвор од традиционалната дипломатија, се занимава со влијанието на владите во формирањето на јавното мислење во другите земји, како и интеракциите на приватните групи од една земја со оние во други земји, известувајќи за надворешната политика и нејзиното влијание на политиката која ја води владата

[6] Достинова Запрова,,Т. Сотироски, Љ. (2014). *Дипломатска организација дејност и професија.* Универзитет „Гоце Делчев" - Штип .
[7] Марковски, Д. (2017). *Современи дипломатски методи.* Фондација Фридрих Еберт- Канцеларија Скопје, 2017

на другата земја. Суштината на јавната дипломатија преставува моќта на преобразување на информациите и идеите преку комуникација.

Јавната дипломатија како најмодерен метод на дејствување на современата дипломатија, претставува многу важно средство во меѓународната комуникација, кое овозможува постигнување на саканите цели на државата во нејзините односи на меѓународен план.

Во современиот свет информацијата претставува главна „стока“ во меѓународните односи, и еден вид на притисок, чија сила и моќ од времето на студената војна се изедначува со воена сила.

Активностите на јавната дипломатија преставуваат спроведување на „soft power“ или *мека* дипломатија, која наместо оружјето и бомбите од пред 50-тина години, граѓанските маси ги „бомбардира“ преку медиумските средства и интернетот и успешно се разграничува од пропагандата создадена токму од медиумите.

Посебно место во спроведувањето на јавната дипломатија е постоењето на информатичко комуникациската технологија преку веб порталите, интернетот и појавата на социјалните мрежи, Фејсбук, Твитер и др., со што се создадоа уште поголеми можности за нејзино дејствување.

Развојот на информатичката и комуникациска технологија (Information and Communication Technology - ICT) во последните децении од 20-от век одиграа посебна улога во осовременувањето на светот. Употребата на интернетот во дипломатијата доби и свој термин „виртуелна дипломатија“ или „дигитална дипломатија“, која иако создава чувство на недостаток на реалност, сепак има значење на вистинска дипломатија.[8]

[8] Марковски, Д. (2017). *Современи дипломатски методи*. Фондација Фридрих Еберт- Канцеларија Скопје.

**Разрешување на конфликти**

Како во внатрешните односи во државата, така и на меѓународен план, конфликтот, претставува дел од поимот *спор*, односно претставува дел од реална ситуација кога две или повеќе страни се наоѓаат во динамичен судир на своите интереси кои ги сметаат за некомпатибилни, неспоиви, но со возможна тенденција тој спор да стане насилен. Таквата ситуација создава услови во која страните знаат дека своите интереси не можат заедно да ги остварат и во таков случај ситуацијата најчесто резултира со вооружен конфликт.[9]

Решавањето на конфликтите обично се дефинира како сложена комбинација на приоди и техники за решавање на конфликти, непосредно со водење на преговори помеѓу страните и посредно со вклучување на трети лица. Почетокот на разрешувањето на конфликти, како и целосното постапување се до конечната цел - постигнување на помирување, односно надминување на конфликтот, е изнаоѓање на решение кое ќе ги задоволи сите страни во конфликтот со преземање и спроведување на мировни активности.

Појавата на основниот конфликт е поврзана со постигнувањето на основните цели т.е. задоволување на основните потреби. Основните потреби се клучни, а потврдата за нивната непобитност според Галтунг [10] е во идентификацијата на четирите групи човекови основни потреби: опстанок, благосостојба, идентитет и слобода. Разрешувањето на конфликтот во негова потполност, би преставувало задоволување на овие основни потреби на сите инволвирани страни и тоа со крајни напори и примена на трансценд метод. Целта ќе биде постигната во онаа фаза на разрешување на конфликтот кога ќе се постигне трансцедирање на проблемот т.е. преиначување на целите на конфликтот и изнаоѓање на заедничко решение преку ненасилство. Методот на трансцеденција преставува разрешување на конфликтите по мирен пат со примена на ненасилни методи и средства.

---

[9] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје. Магор
[10] Галтунг, Ј. ( 2000). *Трансформација на конфликти со мировни средства,Трансценд метод.* Балкански центар за мир, Скопје.

Конфликтот се манифестира како судир, борба, кавга, страв, недостиг на толеранција во ситуациите во кои постои, пред се, недоволно разбирање во комуникацијата, кога иста работа во исто време ја сакаат две или повеќе различни страни или поради тоа што нешто што е туѓо некој го присвојува и го нарекува свое. Во таква состојба на постоење различни ставови кон нешто и некого и непостоење толеранција кон другите, произлегува како нужна потребата за решавање на постојниот проблем, односно надминување на несогласувањето меѓу страните преку разрешување на конфликтот. Разрешувањето на конфликтот може да биде привидно – ситуација во која страните во конфликтот се откажуваат од дел од своите барања, при што се постигнува компромис со кој секоја од страните делумно добива и делумно губи и вистинско разрешување на конфликтот што подразбира целосно отстранување на причините кои довеле до конфликт меѓу страните, што се постигнува преку меѓусебна заедничка соработка[11].

Постоењето на меѓународна заедничка соработка на глобално ниво помеѓу земјите во светот е од огромно значење за успешно разрешување на конфликтите, но и тежнеење кон нивно одбегнување и минимизирање како појава. Од причина што насилството секогаш создава насилство, меѓународната зедница прави големи напори за успешна примена на механизмот разрешување на конфликти преку дипломатија, преговарање, комуникација, и употреба на мировни средства кои ќе доведат до градење на мирот.

Најчести техники во разрешувањето на конфликтите се преговарањето, медијацијата и дијалогот.

Определбата на Зартман[12] во однос на преговарањето е дека преговорите се процес на дефинирање и намалување на алтернативните позиции додека не се постигне единствена комбинација која е прифатлива за сите страни и воедно

[11] Гоцевски,Т. Ортаковски,В. Георгиева,Л. (1999). *Разрешување и трансформација на конфликтите*. Македонска ризница – Куманово. 26-27стр.
[12] Zartman, W. (2008). *Negotiation and Conflict Management.* Essays on theory and practice. Routledge 2 Park Square, Milton Park, Abingdon, Oxon OX14 4RN, 17-16

преговарањето е колективен процес на донесување одлуки со дискретни страни, при што одлуката е избор меѓу алтернативните начини на акција. Одговорот кој тој го нуди, а воедно и објаснување за процесот на преговарање е сеопфатната анализа преку комбинирање на различните гледишта на страните и постигнување на заеднички договор (кои се страните што преговараат, што е целта на преговарањето и проценка на времето на реализирање).

Преговарањето претставува процес на конфронтирање и дискутирање на страните во конфликтот поврзано со нивните различни и спротивставени интереси и цели во постапката, а при тоа обидувајќи се да дојдат до заеднички договор. Преговарањето преставува финална фаза на конфликтот[13].

Преговарањето зависи од околностите од кои е создаден конфликтот за кој се преговара. Тежината е создадена од различните фактори поврзани за преговарачкиот конфликт, како: географската поставеност на страните вклучени во преговарање, етничката разноликост, енергетски природни ресурси и др.

Целите кои се постигнуваат со процесот на преговарање секогаш се во тесна поврзаност со пристапот на преговарање. Постои ситуација во која секоја од страните се труди да ја победи другата, при тоа ги наметнува своите аргументи принудувајќи ја другата страна да изгуби, водејќи ги преговорите компетитивно. Спротивно на претходното, е постоењето на соработка и изнаоѓање на решение што ги задоволува потребите на двете страни, преку водење на колаборативно преговарање[14].

Успешното преговарање првостепено подразбира воведување на медијација во процесот на разрешување на конфликти. Иако алтернативна, медијацијата преставува решавање на споровите по мирен пат, со присуство на трета неутрална страна-медијатор и има за цел преку ненасилна комуникација, толеранција и меѓусебно разбирање да се дојде до решавање на спорот со

[13] Фрчкоски, Љ.Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје. Магор.
[14] Гоцевски,Т. Ортаковски,В. Георгиева,Л. (1999). *Разрешување и трансформација на конфликтите*. Македонска ризница – Куманово.

изнаоѓање на решение кое е предложено и прифатено од сите страни во конфликтот. Суштината на медијацијата е создавањето на чувство на победник кај конфликтните страни истовремено, што доведува до подобрување на односите и воопшто комуникацијата во иднина.

Медијацијата, посредувањето, е институт во меѓународното право на мирно решавање на конфликтите со кој третата страна им помага на страните во конфликтот да дојдат до негово разрешување[15].

Дијалогот преставува разговор помеѓу две страни, поединци или група поединци, и може да се манифестира како пишана или усмена комуникација. Дијалогот преставува процес кој има инклузивна природа, а неговите учесници преставуваат засегнати страни кои имаат за цел идентификација на нови пристапи во решавањето на заедничкиот конфликт. Успешноста на дијалогот е важна и можна во случаите кога спроведувањето на истиот е взаемна желба на страните во кој обострано ќе се покаже емпатијата на едните спрема другите и подготовка за долгорочна соработка. Со дијалогот се настојува да се препознаат и идентификуваат корените на конфликтот, за да може да се дојде до негово искоренување. Процесот најчесто е бавен и поединечен, па самиот по себе не преставува универзален метод еднаков за сите светски кризи, туку напротив дијалогот претставува само алатка во рацете на оние кои ја водат политиката. Дијалогот претставува основа на процесот на преговарање и е наменет за дополнување на другите форми на дипломатско-политичко ангажирање и има за цел, воведување во идните и поформални разговори.

Дијалогот во изворно значење е замислен како употреба на зборовите, конверзација со која учесниците преку меѓусебни преземени активности доаѓаат до откривање на нови значења [16]. Дијалогот е процес во кој нема победници и има за цел да го олесни излезот од кризата.

[15] Фрчкоски, Љ.Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје. Магор
[16] Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје. Магор

**Интернет и социјални мрежи**

Развојот на комуникациите и комуникациските технологии во почетокот на 21 век длабоко се стреми кон постигнување на една цел, а тоа е Интернет како единствена платформа за сите сервиси кон една глобална мрежа. Почетната форма на технолошки напредок од минатиот век, појавата на телефонот и телекомуникациите, каде имаше размена на гласови помеѓу двајца соговорници (корисници на телефонот) или пак дифузијата на видео и аудио (телевизија и радио), се замени со комплетно нов пристап, каде што информациите стануваат постојано достапни и корисникот пристапува до нив по сопствена потреба или желба во било кое време и било каде да се наоѓа.

Интернет е мрежа од мрежи поврзани меѓу себе кои го користат Интернет протоколот *(IP – Internet Protocol)* за меѓумрежно поврзување и размена на информациите (без разлика какви) меѓу одделните мрежи и корисниците кои се закачени на нив[17].

Историски гледано, интернетот е резултат на напредните размислувања и визии кои уште во раните 60-ти ги имале одредени брилијантни умови, кои успеале да го предвидат големиот подоцнежен потенцијал што го овозможуваат компјутерите во размена на информации, што од своја страна би придонело за развој во тоа време, пред се, на научните и воени полиња, а многу кратко потоа и во сите сфери на човековото општење.

Настан со кој се поврзуваат почетоците на интернетот е лансирањето на Спутник од СССР во 1957 год. Тогаш американската влада ја оформи агенцијата за напредни истражувања (Advanced Research Project Agency - ARPA) во рамките на одделот за одбрана (Department of Defense), позната како DARPA (Defense Advanced Research Project Agency), со надеж дека истата ќе им помогне да ги стигнат Русите во вселенската „трка“. Оваа агенција била дизајнирана да изведува и развива долгорочни, високо ризични и скапи истражувања во областа

[17] Јаневски, Т. (2015). *Интернет технологии.* Универзитет "Св. Кирил и Методиј". Скопје.

на: одбраната, високата технологија и компјутерската техника. Агенцијата заклучила дека е од големо значење способноста, машините т.е. компјутерите да комуницираат помеѓу себе со цел да разменуваат информации, решаваат проблеми, ефикасно да комуницираат на далечина, да ги презентираат информациите визуелно и сето тоа да го прават автоматски. За проширување на употребата на компјутерите, ARPA го основала IPTO (Information Processing Techniques Office) и го назначува психологот Џозеф Ликлидер (Joseph Licklider) како прв директор. Овој избор се покажал како доста плоден, бидејќи неговиот интерес во човечко-компјутерската интеракција извршил големо влијание врз развојот на ефективни воени контролни системи и команди. Неговата главна мисија не била да дизајнира воени алатки, туку да ја продлабочи својата визија за симбиозата човек-машина. Во периодот на неговиот ангажман се појавува еден значаен проект познат како „time-sharing“, како обид да се искористи растечката моќ на некои компјутери достапни на истражувачката заедница. Со тоа им се овозможи на повеќе луѓе симултано да користат еден компјутер. Развојот на time-sharing процесот бил еден од факторите кои ја зачнале креацијата на она што подоцна ќе прерасне во Интернет.[18]

Интернет како мрежа постои веќе триесетина години, меѓутоа со појавата на „светската пајажина“ (WWW), интернетот станува она што го знаеме денес. Адресите се формирани слично како и поштенските адреси: име, презиме, улица, број итн. Знаеме дека кога патува некое писмо, прво се гледа државата, потоа местото, улицата, бројот и на крајот името на примачот. Слично е и во интернет сферата. Секоја држава има своја единствена меѓународна адреса т.е кратенка наречена код. Кога патува некое писмо, откако ќе ја видиме државата потоа го бараме местото. Но, со оглед на тоа што во секоја држава има многу различни места, адресите на интернетот не се земени по места, туку по дејности, бидејќи дејностите, како што се образование, стопанство, управа итн. ги има во секоја држава.

[18] www.dapra.mil

Интернет е глобална мрежа во која се поврзани милиони компјутерски мрежи од целиот свет. Содржините на Интернет се: електронска пошта (E-mail); разговори во реално време (IRC- Internet Relay Chat); протокол за пренос на датотеките (FTP File Transfer Protocol) ; WWW – World Wide Web и други.

**Социјалните мрежи** (social networks) овозможуваат комуникација помеѓу корисници и претставуваат една форма на дружење. Една од најпопуларните социјални мрежи е Фејбук (Facebook), но секако многу присутни се и Твитер (Twitter), Месинџер (Messinger), Инстаграм (Instagram) и други, каде корисникот може да постави своја слика, да објави приватни податоци, да опише свои интереси, да развива тематски дискусии и сл. Корисникот може во своја група да прими или да исклучи поедини членови. Можно е да се иницираат одредени политички, хуманитарни или други акции. Интернет форум е услуга на Интернет која овозможува размена на мислења помеѓу членови со користење на веб-прелистувач. Сите пораки кои корисникот ќе ги напише и ќе ги прати на форумот можат да ги гледаат сите други корисници на форумот. Тоа е како огласна табла (message board) на која членовите оставаат пораки.

Во време на современите технологии секој може да се изрази преку Интернет и да постави свои содржини кои можат да бидат добронамерни и точни или злонамерни и неточни. Она што ги карактеризира овие мрежи е ширење на информации, но и дезинформации, со огромна брзина.

Преку Интернет се пренесуваат лични податоци, се водат доверливи деловни и приватни разговори, се пренесуваат доверливи информации, се вршат финансиски трансакции и уште многу други работи. Секогаш постои опасност овие информации да ги види некој кој може да ги злоупотреби.

Денешното опстојување и траење, преставува временски општествен период во кој се случува „информатичка експлозија“, при што количеството информации во светот, како и пристапот до истите, рапидно се зголемува. Бидејќи информацијата е крвоток на секој процес, фирма, организација, институција –

голема или мала, јасно е дека треба да се оспособиме за квалитетен и селективен пристап до истата.

## 1.5 Операционализација на предметот на истражување

Предмет на ова истражување е дипломатскиот дијалог и современите приоди кон разрешување на конфликти во интернет ерата. Поконкретно, се утврдуваат можностите и ограничувањата на дијалогот како основна алатка на дипломатијата и неговата примена во современите приоди кон решавањето на конфликтите во брзиот светски комуникациски развој.

Поради соодветна операционализација на предметот на истражувањето, истиот е поделен на неколку сегменти, меѓу кои се:

- Карактеристики на дипломатските активности;
- Карактеристики на дијалогот;
- Историски преглед на развојот на мас медиумите и појава на интернетот;
- Приоди кон решавање на конфликти;
- Степен на пренос на информации;
- Сличности и разлики на приодите кон решавање на конфликти;
- Чекори во приодите кон решавање на конфликти

## 1.6 Општа истражувачка хипотеза

Општата хипотеза се однесува на тоа дека дипломатскиот дијалог и интернетот-социјалните мрежи, веб порталите, електронските вести се поврзани со процесот на разрешување конфликти и тоа во насока на обезбедување поефикасни резултати од неговата примена.

Во рамките на оваа хипотеза, разбирливо е тврдењето дека дефинираните чекори на дипломатски дијалог и застапеноста на интернет технологијата директно ќе го одреди отпочнувањето на разрешување конфликти, започнувањето

на конфликт во конкретниот регион и ќе биде поврзано со добиените резултати од општиот пристап во процесот на разрешување конфликти.

## 1.7 Истражувачки варијабли

Независна варијабла

- Дипломатски дијалог и користење на интернет технологијата во процесот на разрешување на конфликти во дипломатските активности.

Зависна варијабла

- Современи приоди кон решавање конфликти – разбрани како специфични техники насочени кон: привршување на започнатите конфликти, насочување на луѓето кон мирољубиви решенија, одвраќање на државите од започнување на конфликт, развивање на мировни стратегии и заштита на човековите права.

## 1.8 Индикатори на истражување

- Анализа на податоци од документи и извештаи;

- Анализа на податоци од статии и вести обезбедени од релевантни страни;

- Анализа на објавени изјави на водечки политичари;

-Анализа на специфични приоди за решавање на конфликти кои се применуваат во различни региони во светот.

## 1.9 Истражувачки методи

Дискурзивна анализа, која се фокусира на конструктивните ефекти на јазикот (говорен и писмен) и анализата на текстови. Исто така, направена е анализа на содржина и студија на случај. Податоците за оваа студија воглавно се собрани од книги, списанија, статии, изјави, интервјуа и официјални документи.

Анализата и толкувањето на информациите се направени со цел да се даде придонес кон зголемување и развивање на корпусот на емпириско знаење.

## 1.10 Општествена оправданост на истражувањето

Социјалната оправданост на ова истражување се гледа во тоа што оваа теза има за цел да го процени степенот на развој на електронските комуникации и интернетот односно нивното влијание врз преносот на информациите низ светот, па и на дипломатските активности, а се со цел разрешување на конфликтите. Најпосле, ова истражување предлага натамошни возможни начини за примена на приоди за решавање на конфликти или превенција од конфликти.

## 1.11 Географска определба и период на истражување

Истражувањето е спроведено во период од ноември 2018 до септември 2019 година. За таа цел, анализирани се релевантни официјални документи, стратегии, извештаи, резимеа и статии, особено во однос на дипломатскиот дијалог и улогата на интернетот и социјалните мрежи во процесот на разрешување конфликти.

# 2. ВОВЕД

Развојот на светското општество претставува постојан и несопирлив процес кој со себе развива бројни негативни и позитивни карактеристики. Создавањето на односите помеѓу државите и нивната поврзаност е оправдано, со оглед на блиските соработки, меѓусебно почитување, несогласување итн. Меѓународните односи се создаваат првично помеѓу државите како главни водечки учесници на светската сцена и се однесуваат на односите помеѓу нациите со заеднички идентитет. Правилата на современото меѓународно општество продолжуваат да играат важна улога во одржувањето на меѓународниот поредок. Меѓународното право го афирмира и зајакнува приматот на државните системи, а со тоа ги специфицира минималните услови на соживот меѓу државите и ги регулира условите за соработка меѓу нив во различни области .[19]

Развојот на меѓународните односи, односно светската политика, ја претставува денешната реалност која ги вклучува не само државите и меѓународните организации, туку широката лепеза ги опфаќа и транснационалните учесници, феноменот на глобализацијата, општествените и економски нееднаквости и глобални норми во развој. Во таа испреплетност на интернационални поврзувања, дипломатијата е процес преку кој се водат и остваруваат надворешните односи. Таа е средство за соработка на сојузниците, а и за противниците да ги решат конфликтите без примена на сила. Државите комуницираат, соработуваат, влијаат едни на други и ги прилагодуваат нивните разлики преку дипломатијата. Дипломатите влијаат врз политиката, нивната главна задача е да преговараат со претставниците на други земји, но постојано мора да ја балансираат потребата да ги заштитат интересите на нивната држава и да избегнуваат конфликт со други држави. Остварувањето на главните функции на дипломатијата - собирање разузнавачки информации, управување со

[19] Виоти, П. & Каупи, М. (2009), *Меѓународни односи и светска политика-безбедност, економија, идентитет,* Академски печат, Скопје

ситуација, е клучно за предвидување на внатрешни проблеми и предвидување на промени во надворешната политика. [20]

Меѓународната сцена се карактеризира со постојана појава на конфликти, токму меѓу главните нејзини актери. Конфликтот како термин постои во контекстот на сериозно несогласување, нееднаквости, борба, аргумент, натпревар, дебата, судир и војна. Конфликтот подразбира ситуација која генерира некомпатибилни цели или вредности меѓу различните страни, односно судир на вредности и интереси, тензија помеѓу она што е и она што некои групи го чувствуваат дека треба да биде. Разрешувањето на конфликтите е механизам преку кој конфронтираните страни се стремат да го решат настанатиот конфликт, а со цел градење на мир, и избегнување на конфликт. Зборот *резолуција*, значи, квалитетно решавање, донесување на цврста одлука, изразување на мислење или намери договорени од законодавен орган, акција за решавање на проблем или спор. Решавањето на конфликти вклучува само мирни методи и техники за одржување на мирот и безбедноста. Тој вклучува голем спектар на методи и пристапи за справување со конфликтни ситуации, од преговори до дипломатија, од медијација до арбитража, од олеснување до судење, од помирување до превенција, од управување со конфликти до трансформација на конфликти.[21]

Глобализацијата на меѓународните односи и на светската политика, односно постојниот пораст на транснационалните и светски распространети економски, општествени и културни интеракции кои ги поминуваат државните граници со помош на напредната технологија, е заслужна за подигнување на дипломатијата на еден повисок степен на развој и дејствување токму преку појавата на интернетот и социјалните мрежи.

Глобализацијата ја зголемува светската технологија и читливоста на брзата, ефективна комуникација. Глобализација ги поврзува културите и

[20] Griffiths, M. & O'Callaghan*, T. (2002).Internatiomal relations: The key concepts.* Routledge11 New Fetter Lane, London EC4P 4EE

[21] Wani,H. A. *Understanding Conflict Resolution. (2011).* Research Scholar Department of Political Science Aligarh Muslim University, Aligarh, INDIA

меѓународните односи на различни нивоа, како што се економското, политичкото, и социјалното ниво.[22]

Појавата на интернетот преставува светска радиодифузна способност, механизам за информации и медиум за соработка и интеракција помеѓу поединците, без оглед на географската локација. Влијанието кое се достигнува кон техничките полиња на компјутерски комуникации, претставува приближување на целото општество и зголемување на употребата на онлајн алатки за остварување на електронска трговија, преземање на информации и операции во заедницата.

Социјалните мрежи се групи на луѓе или заедници, кои споделуваат заеднички интерес, перспектива или позадина. Социјалните мрежи создаваат директна поврзаност на пријателите и спомените. Социјалното вмрежување е групирање на поединци во специфични групи, како мали заедници или специфицирани групи. [23]

Улогата на интернетот и социјалните мрежи во процесот на разрешување конфликти во оваа современа ера на рапиден технолошки развој е клучна алка во соработката и комуникацијата на земјите во светот кои преку дипломатскиот дијалог и развојот на виртуелната дипломатија ги остваруваат истите.

---

[22] Amirkhanyan, L. (2011). *Globalitation and international relations.* Translator and Specialist of cross-Cultural communication Representative form Yerevan, Armenia
http://www.culturaldiplomacy.org/

[23] Dr. Bhagwat Sh., Goutam. A. (2013). *Development of Social Networking Sites and Their Role in Business with Special Reference to Facebook.* IOSR Journal of Business and Management,

# 3. ДИПЛОМАТИЈА – РАЗВОЈ ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## 3.1. Поим за дипломатија

Дипломатијата се прифаќа како основен и главен двигател на меѓусебните процеси и коминукации помеѓу нациите и народите во светот. Процесот на воспоставување на односите меѓу народите започнува ефикасно од воспоставување дипломатски односи меѓу народите. Дипломатијата е основно средство со кое еден народ настојува да ги постигне целите на својата национална држава.

Терминот дипломатија се користи на најразлични начини. Понекогаш се опишува како „уметност на кажување лаги во име на нацијата“, или „како инструмент за имплицирање измама и двојност во меѓународните односи “.[24]

Потеклото и развојот на дипломатијата честопати се изедначуваат со развојот на европскиот систем на држави. Таа е поврзана со системот на држави кои се појавуваат и консолидирањето на нејзините форми и практики во пресрет на мирот од Вестфалија во 1648 година односно со одбележување на крајот на Триесетгодишната војна. Сепак, дипломатијата и нејзините институции имаат многу подолга, многу посложена историја на развој и се идентификуваат како постоечки во некои од најраните човечки општества.

Наместо да се поврзува со одредена историска ера, дипломатијата се смета како одговор на збир од потреби и барања, имено посредување за раздвојување меѓу заедниците и желбата и потребата од воспоставување начини на комуникација меѓу нив. Така најраните документи што го запишуваат она што сега би го сметале за официјализирани дипломатски практики пронајдени се во приближно 2500 година п.н.е. во она што сега е Источен Медитеран и Блискиот исток и преставува една од најпознатите одлики на современата дипломатија,

[24] Lee. D & Hocking. B. (2011). *Diplomacy*. (published in Bertrand Bardie, Dirk-Berg Schlosser & Leonardo Morlino (eds.) . International Encyclopaedia of Political Science.

имено воспоставена била практиката на користење амбасадори во европски контекст.

Елементите на дипломатијата и дипломатските институции можат да се идентификуваат во различни меѓународни системи, вклучувајќи ги и оние на Грција, Рим и Кина, но никој од нив не го поседувал она што денеска стана клучна карактеристика на полноправниот дипломатски систем, имено: ефективна комуникација, збир на процедури и конвенции со кои се уредуваат моделите на комуникација и капацитет за посредување помеѓу разновидните култури. Во принцип, развојот на дипломатијата е утврден од карактерот на општествата што се обидува да ги посредува, меѓународно опкружување, достапните начини на комуникација и технологии кои ги утврдува.[25]

Без сомнение, дипломатијата понекогаш се обидува да наметне реални цели на националните интереси со неколку идејни принципи или морал или пак дури и правила на меѓународно однесување, но сепак не може да се опише како уметност на измама и прикривање.

Дипломатија е, всушност, уметност на преговори и водење на надворешни односи. Таа е клучен инструмент за спроведување на надворешната политика на нацијата.

„Дипломатија е примена на интелигенција во ритам и такт, однесување на службената должност во односите меѓу владите на независните држави“ – Сир Ернест Сатоу. [26]

Дипломатијата е механизам за унапредување на националниот интерес на нацијата што ја претставува. Се создава со помош и средства на преговори и уредување на односите со другите нации. Дипломатијата секогаш се води и е условена од надворешната политика на нацијата што ја претставува.

[25] Lee. D & Hocking. B. (2011). *Diplomacy*. (published in Bertrand Bardie, Dirk-Berg Schlosser & Leonardo Morlino (eds.). International Encyclopaedia of Political Science .

[26] Journal of Comparative Legislation and International Law © 1923 Cambridge University Press, https://www.jstor.org/stable/753139?seq=1#page_scan_tab_contents, 01.11.2019

Дипломатијата, покрај што е средство за создавање на меѓународните односи, изградена од техники и процедури за водење на односите меѓу народите, таа сама по себе преставува и машинерија на дејствување.

Остварувањето на дипломатските цели и задоволување на националните интереси се исползува преку различните механизими на убедување, награди, ветување за награда или концесија, закана од употреба на сила, ненасилно казнување и употреба на притисок. Со примена на логично размислување, дипломатијата прави обиди да ги **убеди** другите за оправданоста на целите што се обидува да ги промовира. Исто така, може да понуди **награда** за обезбедување или таканаречено прифаќање на посакуваниот поглед на специфичен меѓународен спор или проблем. Дипломатијата може да **вети соодветни награди** и отстапки за обезбедување одредена поддршка. Иако дипломатијата не може да користи **сила** или насилство во промовирање на националниот интерес, спроведува ултиматуми, симболични бојкоти, протестни ноти и сл. Употребата на **тактики на притисок** преставува начин, да се присилат другите нации да го прифатат посакуваното гледиште или политика. Дипломатијата, исто така, користи и пропаганда, културни врски, експлоатација на ситуации, создавање на одредени сцени и засилувања, ригидност или флексиблност во преговорите.[27]

Дипломатијата функционира преку мрежа на странски канцеларии, амбасади, делегации, конзулати и специјални мисии низ целиот свет. Секогаш работи според дефинитивни и решени процедури и протоколи. Таа е билатерална по карактер, но со растењето на меѓународните конференции, меѓународните организации, регионалните преговори, постепено развива и плурален карактер. Дипломатијата може да опфати мноштво интереси - од наједноставни теми до витални прашања поврзани со војната и мирот. Дипломатијата функционира и се применува во услови кои што се карактеризираат со конфликт и соработка. Дипломатијата работи во ситуација што вклучува соработка и конфликт. Извесен, степенот на соработка меѓу народите е суштински за работата

[27] http://www.yourarticlelibrary.com/international-politics/diplomacy-meaning-nature-functions-and-role-in-crisis-management/4849115/18. 17.01.2019

на дипломатијата затоа што во негово отсуство, дипломатските односи не можат да се одржат. Силна дипломатија значи дипломатија поддржана од силна национална моќ. Дипломатијата користи убедување и влијание како средство за остварување моќ на меѓународно ниво на односи. Не може да користи сила и насилство, но сепак, може да издаде предупредувања, да даде ултиматуми, да ветува награди и да се заканува со казна. Сепак, надвор од ова не може директно да употреби сила.[28] „Дипломатија е промовирање на националниот интерес по мирен пат“.[29]

Во однос на прашањето што може да се очекува од дипломатијата односно со развојот на јавната дипломатија, проблемот кој се јавува не е околу тоа што дипломатијата може да направи, туку какви резултати би биле постигнати. Општо прифатено гледиште е дека дипломатијата е во функција на поддршка односно додаток на големите политики на државите и создава иницијативи кои имаат високо-политички, економски, па дури и воени компоненти. Според рамислувањата на Хендриксон, создавањето на публицитетот т.е. обидот да се достигне публика и да се влијае врз јавното мислење е резултатот кој треба да го даде дипломатијата. Клучно е дали таквата создадена јавна дипломатија, како фактор на постоење на публицитет, може да направи разлика. На ова се надоврзува создавање околности, резултати кои се навистина значајни, понатаму резултати кои се признати и забележани, резултати што менуваат ситуации, т.е. резултати кои значат нешто.

Стратешки концепти за спроведување на дипломатија низ надворешната политика и нејзино непречено дејствување се, најпрво **консолидацијата** која преставува политички процес на зголемување на разбирањето и потврдувањето на поддршката од создадените сојузници, пријатели и партнери на земјата. Втората стратегија е концептот на **задржување** кој во суштина преставува идеја за дефанзивност. Стратешки концепт заснован врз политиката, иако во

[28] http://www.yourarticlelibrary.com/international-politics/diplomacy-meaning-nature-functions-and-role-in-crisis-management/48491

[29] https://www.jstor.org/stable/2009796?seq=1- 30.11.2019год.

комбинација со ограничување, е **пенетрација** или обид за освојување на целна публика, или формирање односи со избрани лица или групи длабоко во целната територија. Иако овој концепт може да биде спроведен од разузнувачките служби, сепак значајни се придобивките кога истото ќе биде спроведено од јавни-дипломатски средства, како радиопрограмирање, едукативна и културна размена, како и истражувачки трговски и деловни односи. Четврта општа стратегија е **проширување** на идеолошката, економската, политичката и културната сфера на една земја и нејзините сојузници. Петтиот концепт што може да ја напредне јавната дипломатија според Хенриксон е преку **трансформација**. Тој е најнов, радикален и можеби премногу амбициозен, бидејќи без конкретно упатување овозможува да биде користен за прикривање на вистинската политичка намера. [30]

Јавната дипломатија, која е воведена и користена во научната и политичката сфера, подразбира дијалошка комуникација помеѓу владите и другите актери на сцената на меѓународните односи преку различните комуникациски медиуми. Целта на јавната дипломатија е создавање или зацврстување на позитивната слика за земјата и нејзиното општество и постигнување на целите на меѓународната политика воопшто.[31]

## 3.2 Поим за дијалог

Дијалогот се дефинира како форма на комуникација со цел да се разбере другиот. Дијалогот е алатка за разбирање која може да се користи како алатка за градење на мирот.

[30] Henrikson, K.A. (2006). *What can public diplomacy achieve.* Netherlands institute for international relations. Clingendael

[31] Tereshchuk, V. (2016). *Ukrainian Practice of Virtual Diplomacy*. Petro Mohyla Black Sea State Univesity.

Дијалогот подразбира поседување контрола која секогаш е присутна во комуникацијата и при воспоставување терен за дијалог при комуникација. Низ теоријата се споменуваат расправии околу разликата помеѓу концепти на "моќ" и "контрола". Моќта се наоѓа меѓу елементите во комуникацијата, како на пример помеѓу учесници, организации или институции. Контролата се наоѓа во рамките на комуникациската врска при утврдување на внатрешната врска. Односите на моќ се надвор од комуникациската пракса и влијанието на пораката т.е. информацијата. Контролата влијае врз пораката, и врамувањето е дефинирано со практикување на самата порака.

Најчесто формулацијата на дијалогот и неговата примена е во насока на:

**1) дијалог, како форма на комуникација**;

**2) дијалог како соработка**;

**3) дијалог како потенцијал за промена**.

Дијалогот гради доверба. Со доверба*,* ние го прошируваме нашиот круг на комуникација. Преку дијалог, лицето станува видливо, а намерите појасни.

Дијалогот, како форма на комуникација, бара исполнување на повеќе елементи односно потребно е волја, време, безбеден простор, еднаквост, слушање и зборување. Дијалогот бара *волја* за да страните влезат во овој процес. *Времето* е дополнителен услов, процесот на времето за дијалог е важен и во текот на самиот дијалог, и по завршување на истиот. *Безбеден простор* е услов за дијалог, потребно е страните да имаат простор за да ги споделат искажувањата и да започне процесот на дијалог. Дијалогот, понатаму бара *слушање* и *зборување.*

Дијалогот е процес на вистинска интеракција, во кој луѓето слушаат длабоко и се почитуваат едни со други, практикувајќи ја новонастанатата промена на нештата. Секој учесник во дијалогот се стреми да се приклучи на загриженоста на другите учесници од своја гледна точка, дури и кога тие продолжуваат да се

согласуваат. Ниту еден учесник не се откажува од својот идентитет и секој ја признава вредноста на побарувањата од другите и затоа дејствува поинаку кон другите.[32]

Литературата насочува посебно внимание и препознава два начина на распоредувањето на дијалози: прво, идентификација на идеален тип на дијалог и, второ, диференцијација на фази во согласност со типични чекори на интеракција и комуникација, кои претставуваат конструктивен процес на дијалог.

Џеј Ротман[33] предлага класифицирање на пристапите кон дијалогот со група конфликти во три или четири идеални типови:

• Пристап преку *позиционен дијалог*, каде страните се втелемени во своите позиции и ставови и бараат оправдание на истите.

• Во случај на *дијалог за човекови односи*, разликите кои се јавуваат во мислењата за суштинските прашања настануваат заради дефокусирање од причините за недоразбирањата и стереотипите кои обично се јавуваат помеѓу страните. Целите се меѓусебно признавање на лицето и зголемување на почитување од страна на секоја партија и за другите. Какво влијание може да има во однос на суштината на конфликтот е отворено прашање.

• При *активен дијалог,* се оди еден чекор понатаму. Предметите во прашањата се подредени и анализирани со цел да се идентификува заедничка основа.

• Најамбициозен пристап е *решавањето на проблемот со дијалог* во кој се организира спорот преку комуникација на страните на таков начин што тие се оспособуваат систематски да работат преку надминување на нивните разлики. Каде конфликтите се високо ескалирани, овој вид на дијалог генерално

[32] Incerti-Théry, I. (2016). *Dialogue as a tool in peacebuilding: Theoretical and empirical perspectives.* The Arctic university of Norwey, Centre for Peace Studies,Faculty of Humanities, Social Sciences and Education, Master's thesis in Peace and Conflict Transformation.
[33] Марковиќ, Н. & Поповиќ, М. (2015). Политички дијалог. Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија, во соработка со Институт за демократија „Societas civilis" – Скопје.

секогаш има потреба од присуство на трето лице, како ко-актер - или навистина како иницијатор.

Овие пристапи се корисен начин за класифицирање на дијалози според нивните преовладувачки форми на интеракција. Земени заедно, тие, иако различни, ги поседуваат комплементарните елементи на конструктивно справување со конфликтите преку дијалог.[34]

Дијалогот најмногу се користи како техника на решавање конфликти за психосоцијална трансформација, бидејќи методолошки, целта и функцијата на дијалошкиот процес е фокусирање на комуникацијата и меѓучовечките односи.[35]

Дијалогот е инклузивен процес. Како што покажуваат разговорите за климатските промени, дијалогот носи заедно разновиден сет на гласови за создавање на микрокосмос на поголемото општество. За да се донесат одржливи промени, луѓето треба да развијат чувство за заедничка сопственост на процесот и да станат засегнати страни во идентификувањето нови пристапи за решавање на заедничките предизвици. Дијалогот подразбира учење, а не само разговор. Процесот не е само за седење околу маса, туку и менување на начинот на кој луѓето зборуваат, размислуваат и комуницираат едни со други. За разлика од другите форми на дискусија, дијалогот бара саморефлексија, дух на истрага и лична промена. Учесниците мора да бидат подготвени да се осврнат на корените на кризата, а не само на симптомите на површината.

Дијалогот не е стратегија со една големина. Тоа не е лек за решавање на целата криза во светот, каде што има длабока политичка парализа или долга историја на насилство. Напротив, тоа претставува само една алатка на креаторите на политиките, алатка која е флексибилна и адаптибилна за различни

---

[34] Ropers, N. (2004). *From Resolution to Transformation: The Role of Dialogue Projects*. Research center for constructive conflict management, Edited version Aug 2004. http://www.berghof-handbook.net

[35] Марковиќ, Н. & Поповиќ, М. (2015). *Политички дијалог*. Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија, во соработка со Институт за демократија „Societas civilis“ – Скопје.

контексти и земји, што е особено корисно кога страните во конфликтот не се подготвени, но сепак преземаат формални преговори. Дијалогот бара прво да бидат присутни основните услови. Кога насилството, омразата и недовербата останууваат посилни од волјата да се направи консензус, или ако постои значителен дизбаланс на моќта или недостаток на политичка волја кај учесниците, тогаш ситуацијата можеби не е зрела за дијалог. Покрај тоа, учесниците мора да се чувствуваат слободни да зборуваат со своите умови без страв од одмазда, или отфрлање.

Дијалогот е наменет за дополнување на други форми на дипломатски или политички процеси.

### 3.3. Дипломатскиот дијалог во развојот на дигиталната (виртуелна) дипломатија

Дипломатијата преставува движечка сила на меѓународните односи и протежира метод со кој државите ги актуелизираат своите цели на надворешна политика и преку координирани напори да го создаваат своето однесување. Дијалогот како основен метод е инструментот преку кој се постигнуваат целите, стратегиите и широките тактики на надворешните политики кои се спроведуваат. Дијалогот се стреми да го зачува мирот и има за цел да ја поттикне добрата волја кај државите со воспоставување на нивна соработка или обезбедување на нивна неутралност.

Една од главните задачи на дипломатијата е собирање на информации и известување, со законски средства, во рамките на земјата-домаќин за владата што испраќа, како и за промоција на пријателските односи меѓу двете држави. Информациите кои можат да се соберат од низа извори и користењето на искуства и стручно знаење е од суштинско значење за идентификување, анализирање и толкување на нови-клучни прашања и нивните импликации за мир и напредок. Со цел да се обезбедат информации и совети за политиката на своите министерствата за надворешни работи, државите се потпираат на стручноста на нивниот персонал, нивната мрежа во примена на дипломатија,

доверливоста на дипломатската комуникација и нивниот пристап до странските носители на одлуки.

Преговарањето е, исто така, клучна компонента на дипломатијата. Дипломатите постојано преговараат за разни прашања кои се дел од меѓусебната соработка. Преговарањето преку интернет мрежата го олеснува начинот на комуникација особено за малите сиромашни земји кои заради ограничени ресурси не се во можност да ги платат сите трошоци поврзани со местото на настанот за своите преставници. Интернетот, преку Skype системот на видео-конференции, им овозможува на земјите да ги надминат овие проблеми и да ги следат далечните конференции и семинари од “големите” градови, овозможувајќи им и на службените лица на малите земји да интервенираат во нив и да ги објават своите мислења.

Дигиталната дипломатија еволуираше од јавната дипломатија, форма на дипломатска практика, која се дефинира како "инструмент кој државите го користат за разбирање на културите, ставовите и однесувањето; преку кој се градат и создаваат врски; и со кој се влијае врз мислите и намерите на учесниците во меѓународната дипломатија.[36]

Дигиталната дипломатија се смета за важна алатка за унапредување на надворешната политика на една нација која овозможува директна интеракција и ангажирање на странската публика.

Дипломатијата денес во услови на глобализација на светот ја доживува најреволуционарната трансформација. Комуникациските и социјалните медиуми од една страна, ја прават надворешно политичката активност на една држава потранспарентна, а од друга страна се обезбедува технолошка можност за директна интеракција со странската публика во целост. Општеството своето внимание го посветува на државната активност на меѓународната сцена.

[36] Olubukola S. A. (2017). *Foreign policy in an era of digital diplomacy*. University of Lancaster. UK.

Минатата, 2019 година, го претставува периодот на постоење на ,,дигитална дипломатија" повеќе од десет години. Она што започна како експеримент со избран број на министерства за надворешни работи и дипломатски пионери, стана стандардна пракса за дипломатски институции низ целиот свет.

Големиот опсег при дефинирањето на терминот на дигиталната дипломатија произлегува од фактот дека дигитализацијата преставува процес, а не бинарна состојба и ја преставува неможноста за одделување на дипломатијата од процесот на дигитализација. Во глобалното меѓународно општење сите актери се подложени на процесот на дигитализацијата. Овој процес е предизвикан и од начинот на однесувањето на самите дипломати во нивното опкружување, во создавањето на нивната публика, актерите кои се целна група и технологиите кои се применливи, а секако во насока на постигнување на своите цели.

Во 21-от век, современата држава е повеќе меѓусебно поврзана и подложна на многу меѓузависности и сојузи во општествата. Недржавните актери стануваат се повлијателни во доменот на меѓународната политика, а се појавуваат и во улога на заштита на професионални дипломати.

Предметот на дипломатијата, исто така, значително е проширен. Со векови, дипломатијата првенствено се занимавала со прашања на војна и мир и употреба на сила во прашања што опфаќаат високи политики и стратешки интереси. Овие прашања, се разбира, сé уште се истакнати, но сега вклучуваат прашања за меѓународната безбедност, и во дипломатската агенда се додаваат широк спектар на други прашања, кои се однесуваат на економијата, технологијата, научниот развој, образованието, уметноста, правото и многу повеќе.

Практично нема аспект на животот во општеството што, во исто време, не е дел од дипломатска агенда. Меѓусебната зависност и глобализацијата многу придонесуваат за овој развој. Многу прашања што некогаш беа главно домашни,

како што се човековите права, сега се од меѓународен интерес и се однесуваат на дипломатијата.

Освен застапување, комуникација, преговарање, следење на политичката ситуација во странство и известување, дипломатскиот персонал во новата ера на масовна комуникација постојано се ангажира околу влијанието на односите со јавноста.

До крајот на 20 век, почна да се појавува нова форма на дипломатија позната како Дигитална дипломатија. Дигиталната дипломатија треба да се докаже како најмоќна алатка за јавна дипломатија досега.[37]

Она што е цел на дипломатијата на секоја нација е да го зголеми своето влијание во меѓународните односи преку интеракција со други држави односно преку советување, купување или експлоатирање на информациите.

"Дипломатијата е воспоставен метод за влијание врз одлуките и однесувањето на странските влади и народи преку дијалог, преговори и други мерки што не се водат со војна или насилство"[38].

Првите зачетоци на „дигиталната“ дипломатија односно првиот пренос на инфомација на неконвеционален начин со примена на машина датира од 1860-тите години со добивањето на првата телеграфска порака. Во тоа време, а и многу подоцна сите дотогашни дипломати и актери вклучени во дипломатијата со голема недоверба и потсмев гледале на тогашните технолошки изуми.

Денес, дигиталната дипломатија е суштинска за надворешната политика. Светот е таков што државните и недржавните ентитети се натпреваруваат за влијание и моќ во истиот онлајн простор. Овој простор сега е повеќе од 3 милијарди луѓе, од кои повеќето пристапот на интернет го остваруваат преку нивниот мобилен телефон. Кога се користи правилно,

[37] Sarvjeet, S. (2016). *Digital Diplomacy in India: Virtual networks, Real gains*. Universite Paris Sorbonne.
[38] https://global.britannica.com/topic/diplomacy

дигиталната дипломатија е убедлив и навремен додаток на традиционалната дипломатија која може да помогне на земјата да ги унапреди своите надворешно-политички цели, со цел да го прошират меѓународниот дострел и влијанието врз луѓето.[39]

Иако дигиталната дипломатија станува важна тема, сепак недостасува официјална дефиниција. Неколку организации се обидоа да формираат конкретна дефиниција на терминот, но сепак продолжува да се користи нејасно. Овој недостаток на прецизност во дефиницијата предизвика различни научници во истражување на дигиталната дипломатија на различни начини да и пристапат, фокусирајќи се на сѐ, од сајбер безбедноста до социјални медиуми и управување со Интернет.[40] Друга причина за овој недостаток на прецизност произлегува од фактот дека дигиталната дипломатија честопати се споменува со различни имиња. Научниците ги користат поими „сајбер-дипломатија“, „нет-дипломатија“, „е-дипломатија“ и „Двојност“ наизменично. Иако овие поими значат релативно иста работа, секој префикс се однесува на поконкретна област на темата што треба да се користи во вистинскиот контекст. На пример, „сајбер“ обично се користи при дискутирање на безбедносни теми, „е“ за деловни работи и последното треба да биде искористувано само кога се однесуваат темите во врска со дипломатијата но, конкретно на Твитер. [41] Иако заменливата употреба на овие зборови изгледа безопасна, тие се делумно одговорни за неможноста на дигиталната дипломатија да биде конкретно дефинирана. Дефиницијата што ја нуди DiploFoundation, организација која се фокусира на врската помеѓу дигиталната технологија и дипломатијата, се чини дека е релативно добра, и гласи, дигиталната дипломатија опишува нови методи и начини на спроведување на дипломатијата со помош на Интернет и ИКТ и го опишува нивното влијание врз современите дипломатски

[39] Olubukola S. A. (2017). *Foreign policy in an era of digital diplomacy*. University of Lancaster. UK.
[40] Hocking, B. & Melissen, J. (2015). *Diplomacy in the Digital Age*. Netherlands institute for international relations. Clingendael
[41] DiploFoundation. Digital Diplomacy, E-diplomacy, Cyber diplomacy. https://www.diplomacy.edu/ediplomacy.

практики[42], според која од неодамна, дипломатите и политичките лидери започнаа да ги препознаваат начините на кои можат да ја користат популарноста на технологијата во оваа дигитална ера за подобрување на нивните меѓународни односи и во крајна линија, понатаму да ги заштитуваат интересите на нивната земја.

Појавата на дигиталните технологии има големо влијание во однесувањето и проучувањето на дипломатијата. Министерствата за надворешни работи на земјите, амбасадите и конзуларните преставници постојано бараат разни дигитални алатки преку кои ќе се практикува дипломатијата. Зголемениот академски интерес за дигиталните алатки го нагласува надминувањето на ограничувањата на традиционалната дипломатија, ја зајакнува соработката на новите актери на глобално ниво и го промовира културниот дијалог. [43]

Главната новина која ја измени традиционалната дипломатија и придонесе нејзино прилагодување со светскиот чекор на модерното време е револуцијата во создавање на информациите и комуникациските технологии (ИКТ). Информациите и комуникациските технологии создадоа т.н. еволуција во начинот на комуникацијата меѓу луѓето и размената на информации при што доаѓа до менување на политичките, социјалните и економските сцени низ целиот свет. Преку појавата на ИКТ им се нуди на помалку развиените земји можност за да ја прескокнат фазата на индустријализација и со употреба на интернет технологиите да ја трансформираат својата економија во рамноправен учесник на глобалниот економски пазар.[44]

Историското искуство покажува дека развојот на технологиите е условен од срединие во кои се одвиваат комуникациите и може да имаат различен ефект во зависност од процесите и институциите на кои се применуваат. Споредбено, од

---

[42] DiploFoundation. Digital Diplomacy, E-diplomacy, Cyber diplomacy. https://www.diplomacy.edu/ediplomacy

[43] Manor, I. (2018). *The Digitalization of Diplomacy:Toward clarification of a Fractured Terminology.* University of Oxford. DigDiploROx Working Paper No 2.

[44] Olubukola S. A. (2017). *Foreign policy in an era of digital diplomacy.* University of Lancaster. UK.

минатите искуства, појавата на електричниот телеграф во деветнаесетиот век и појавата и развојот на интернетот како најнапредна комунакциска технологија во денешните општества, потврдуваат дека развојот на технологијата е таа која го обликува човековото однесување. Во контекст на истата, се добиваат одговори на тоа дали таа преставува алатка или ограничување, затоа што критичкиот ефект на телеграфијата беше со цел да ја зголеми брзината на настаните, и тоа особено во време на криза кога владите под притисок мораа да одговорат на забрзаното темпо на настаните и барањата на јавното мислење. Напредокот на дигиталната технологија е тој кој развива демократски структури на моќ, наспроти авторитарните со воспоставување на хоризонтални социјални мрежи на функционирање. Технологијата има за цел да ги развива и подобрува постоечките општествени трендови, а дигиталната дипломатија може да се смета за аналогија на длабоките промени во политичките средини кои бараат дипломатска адаптација.[45]

[45] Hocking, B. & Melissen, J. (2015). *Diplomacy in the Digital Age*. Netherlands institute for international relations. Clingendael

# 4. ПРОЦЕС НА РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ

Решавањето на конфликтите има огромна важност и присутност во денешните процеси на насилство и судири на светско ниво. Како што знаеме низ целиот свет државите се соочуваат со бројни конфликти, социјални, економски, политички, етнички и други видови, и имаат огромна потреба од соодветно решение, како единствен услов луѓето да можат да живеат мирен живот без страв и опасност.

Решавањето на конфликтите е таков механизам кога спротивставените страни се здружуваат и ги решаваат нивните некомпатибилности и конфликти со мирни средства. Тоа е прифатено од страна на сите државници, академици, граѓански општества и истакнати личности во светот дека војната е последната опција во политиката која треба да биде употребена. Решавањето на конфликти како механизам на градење на мирот, миротворни и мировни активности вклучува само мирни методи и техники за одржување на мирот и безбедноста и за намалување на последиците од несреќите на војната.

Процесот на разрешување конфликти во современото општество е поставен и на институционално ниво, па аналогно, денес на реномирани универзитети во светот решавање на конфликти се изучува како предмет во рамки на одредени научни дисциплини.

Оттука, решавањето на конфликтот може да игра клучна улога за создавање свест кај луѓето дека само во мир можат да преживеат и да се развиваат. Светот ги виде последиците од Првата и Втората светска војна, а секоја следна војна би била поопасна во однос на катастрофа и уништувања. Затоа, при конфликт, механизмот за решавање и создавање мерки за градење доверба може да се усвои како проверка или превенција, па процесот на решавање на конфликти и одржување на мирот би можеле да се одржат на лесен начин, без да се следи практиката на насилство. Конфликтот, во најопшта

смисла, е израз на различни нешта и подразбира збир од, сериозно нарушување, некомпатибилности, борба, расправија, натпревар, дебата, судир, војна итн.[46]

Луѓето отсекогаш воделе конфликти, и биле вклучени во процесите да им се стави крај на истите. Честопати, едната страна присилно ја наметнувала својата волја на другата страна, честопати и насилно, кој чин во суштина преставува започнување конфликт. Меѓутоа, во секое современо општество, се развиваат други начини на решавање на конфронтирани ситуации, а и веќе долго време се практикуваат, со вклучување на различни форми на медијација или преговори. Дури и помеѓу спротивставени општества, преговорите се користат низ целата историја за постигнување договори во врска со прашањата на спорот меѓу нив.

Современото разрешување конфликти се разликува на неколку начини од многу традиционални методи за решавање на конфликти. Акцентот е ставен врз процесите на конфликтот што генерираат решенија кои даваат одредени меѓусебни придобивки за спротивставените страни. Покрај тоа, современиот пристап при разрешување на конфликтите се развива преку академски истражувања и теоретизирање, како и традиционални и иновативни практики, при што се потенцира улогата на надворешните посредници во разрешувањето на конфликтите.

Современото разрешување конфликти е последица на долгата историја на областа и на многуте извори на неговиот денешен карактер. Неговата современа манифестација првично се фокусираше на запирање на насилството, но се прошири во голема мерка за да ги инкорпорира градењето на условите за мир, вклучително и помирување после насилството, зајакнување на правдата, воспоставување системи за управување со конфликти и многу други проблеми. [47]

Решавањето на конфликтите како дефинирано специјалистичко поле се појавува во ерата на пост студената војна. Започнува во 1950-тите и 1960-тите

[46] *www.ijhssnet.com*

[47] Bercovitch, J. Kremenyuk,V. &. Zartman, W. (2009). *The Sage Handbook od Conflict Resolution*. Thousand Oaks, CA

години, во екот на Студената војна кога развојот на нуклеарното оружје и конфликтот меѓу суперсилите се чинеше дека му се заканува на човековиот опстанок.

Во денешното општество, глобалното решавање на конфликтите во светската арена има огромна важност и релевантност. Механизмот за решавање на конфликти, спорови околу непријателството и некомпатибилностите може да се воспостави и контролира само преку воспоставување на мир. Ова е причината, заради која многубројните светски лидери, медиумите и граѓанското општество ставаат огромен акцент на концептот на решавање на конфликти со мирни и ненасилни методи, како што се, дипломатија, комуникација, преговори, самитско помирување, арбитража, медијација и преку мерки за соработка и градење доверба, итн. Во современиот свет улогата и приматот на разрешување на конфликтот не може да се игнорира, тоа е оправдано. Познато е дека „насилството создава насилство“, а човештвото може да биде зачувано и заштитено од нападот на војната и холокаустот, само кога се подготвени конфликтните страни да создадат механизам за решавање конфликти т.е. за решавање на нивните спорови. Решавањето на конфликти е најдобриот уред за рамнотежа и баланс меѓу спорните страни. Решавањето на конфликтите е составен дел од социјалната правда и социјалната трансформација, чија цел е решавање на човечката криза и многубројни поделби, преку мирни средства и избегнување на конфликтите меѓу државите. Решавањето на конфликтот е најдобро „оружје“ преку кое целото човештво може да биде заштитено од омразата на војната и насилството. Механизмот за решавање конфликти е заштитник, чувар на мирот, чувар на хармонијата и социјалната правда, светско братство и правичност низ целиот свет. Конфликтот е комплексен феномен затоа што емоциите, чувствата и вредностите се во неговата основа, и групната кохезија е толку силна што решавањето на конфликтната ситуација е многу тешко, понекогаш невозможно. Во секое општество постојат различни видови на причини и форми на конфликт, како што се, личен конфликт, расен конфликт, класен конфликт, политички конфликт, судир на вредности и судир на интереси,

конфликти во и надвор од заедницата, етнички конфликти, идеолошки конфликт, културни конфликти, економски конфликти и социјални. [48]

Конфликтот е универзална појава на човечкото општество. Тој води потекло од економската раздвоеност, социјалните разлики, формирање на културата, психичкиот развој и политичката организираност. Секој потецијален извор или основа за конфликт, сам по себе е во суштина спротивставен и создава повеќе страни за кои може да се забележи дека пројавуваат измешани некомпатибилни цели. Идентитетот на конфликтните страни, степенот и големината на конфликтот и проблемите кои се создаваат (недоволни ресурси, нееднаквост, различни вредности) многу често доведуваат до немир и неспокој. Конфликтите се динамични појави кои можат да траат или да ескалираат, но секогаш се создадени од комплексна интеракција на арогатни ставови и однесувања во реалноста.[49]

Конфликтот има свое потекло во објективните и субјективните причини на своето опстојување, како што се конкуренција за надворешни ресурси (на пр. моќ, земја или статус) или може да се појави кога постои судир помеѓу внатрешните верувања, вредности и интересите на двете страни.

Теоретичарите како што се Мур[50] и Тилет[51] го сметаат конфликтот како процес кој се случува при разни нивоа на свесност. Овие автори прават разлика помеѓу латентни конфликти - карактеризирани со основни и понекогаш непрепознаени тензии и новите конфликти - каде спорот е признаен и страните се идентификуваат - но допрва треба да се појави процес за решавање на спорот, а и се манифестираат конфликти каде страните вклучени во спорот постигнуваат ќор-сокак и покрај обидите за резолуција. Во оваа фаза конфликтот е отворен и

[48] www.cmd-malawi.com

[49] Ramsbothan, O. Woodhouse, T. Miall, H. (2016). *Contemporary conflict resolution*. Fourth edition,Polity press, Cambridge CB2 1UR, UK

[50] Moore, C. (1996). *The Mediation Process*. San Francisco: Jossey-Bass Publishers.

[51] Tillet, G. (1991) *Conflict and its Resolution*. In HRM 540 Theory of Conflict Resolution: Study Guide Module 2, (1998) Charles Sturt University.

поединците можат да извршат разрешување преку правно дејство, медијација, преговори или физичко или вербално насилство.

Конфликтот е реалност на општествениот живот и постои во сите нивоа на општеството. Тој постои кога има интеракција помеѓу две или повеќе лица, групи или организации каде барем едната страна ги гледа своите размислувања, идеи, перцепции, чувства како единствени и/или ќе се спротивстават на другата страна и нејзините чувства се дека не го добијат она што го сакаат заради другата страна. Постоењето на конфликт покажува дека постои нишка во врската - или целата врска заради која вклучените страни не можат да продолжат да се развиваат и да траат. [52]

Целта на решавањето на конфликтот не е елиминација на конфликтите, што е исто така невозможно и непожелно, туку примарната цел на решавањето на конфликтот е да се трансформира фактичката или потенцијално насилната состојба во мирен процес. При примената на процесите на разрешување на конфликти, практични приоди или методи кои се најшироко прифатени како соодветни и целисходни се вбројуваат:

- Преговори - Преговарањето е дискусија на две или повеќе лица со цел постигнување договор. Преговорите се составен дел на секоја активност на човекот. Ограничувањето на конфликтот е започнувањето на процесот на преговори кој ги подразбира сите интеракции, стратегии и напори на едната страна да се расправаат и да ја модифицираат позицијата на противникот.
- Медијација - Медијацијата е доброволна и доверлива и преставува процес со кој учесниците со помош на неутрално лице или лица, систематски ги изолираат спорните прашања со цел да се развијат опции, да се разгледаат алтернативите и да се постигне консензус што ќе ги задоволи нивните потреби.

[52] www.cmd-malawi.com

- Арбитража - Арбитражата е друг метод што честопати се споменува како процес за справување со конфликтот. Таа е честопати доброволна, конечна и обврзувачка. Арбитража со други зборови значи, решавање на спорот со доделување на меѓународен суд кој стапува на сила на постојните закони и кој ги врзува страните.
- Пресуда - Судењето е процес со кој повеќето луѓе се запознаени; многу често страните ги користат судовите во обид да ги решаваат споровите и конфликтите меѓу конфликтните страни.
- Убедување - Убедувањето преставува менување на перцепцијата на лицата за кој било предмет на неговиот став.
- Комуникација - Кооперативен процес кој се карактеризира со отворена и чесна комуникација на релевантни информации помеѓу учесниците. Погрешната комуникација предизвикува недоверба, сомнеж, шпионажа и конечно доведува до конфликт. Затоа, комуникацијата треба да биде прецизна, јасна, едноставна, недвосмислена, итн.
- Помирување, соработка и друго. [53]

[53] www.ijhssnet.com

# 5. ИНТЕРНЕТ И СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

Интернетот, дефиниран како средство за комуникација што овозможува објавување, размена и складирање на информации, станува единствен во јавната и приватната комуникација, а социјалните медиуми како современи алатки овозможуваат милиони отворени разговори во отворениот дигитален простор. Фактот кој укажува на тоа дека повеќе од 2 милијарди луѓе дневно користат Фејсбук, Твитер, Снапчат и други социјални платформи, е потврда дека дигиталното поврзување го прави светот многу тесен и во тој правец го менува секојдневниот живот на милијарди луѓе.

Социјалните мрежи се групи на луѓе или заедници, кои споделуваат заеднички интерес, перспектива или позадина. Социјалните мрежи создаваат директна поврзаност на пријателите и спомените. Социјалното вмрежување е групирање на поединци во специфични групи, како мали заедници или специфицирани групи.

Кога станува збор за мрежно социјално вмрежување, најчесто се користат веб-страници. Овие веб-страници се познати како социјални страници. Веб-страниците за социјално вмрежување функционираат како мрежна заедница на корисници на Интернет. Во зависност од веб-страница за која станува збор, многу од овие членови на групата на Интернет имаат заеднички интереси во одредено хоби, религија, политички, социјален и алтернативен начин на живот. Штом ќе се добие пристап до веб-страница за социјално вмрежување, контактите започнуваат веднаш, како и целата социјализација.[54]

Интернетот преставува светска радиодифузна способност, механизам за информации и медиум за соработка и интеракција помеѓу поединците и нивните компјутери без оглед на географската локација. Интернетот претставува еден од најуспешните примери за придобивките од одржлива инвестиција и посветеност на истражување и развој на информатичката инфраструктура.

[54] Dr. Bhagwat , S. Goutam, A. (2013) *Development of Social Networking Sites and Their Role in Business with Special Reference to Facebook*. IOSR Journal of Business and Management.

Интернетот денес е широко распространета информативна инфраструктура, првичен прототип на она што е често наречено Национална (глобална/галактичка) информативна инфраструктура. Неговата историја е сложена и вклучува многу аспекти - технолошки, организациски и др. Влијанието кое се достигнува врз техничките полиња на компјутерски комуникации, преставува приближување на целото општество и зголемување на употребата на онлајн алатки за остварување на електронска трговија, преземање на информации и операции во заедницата.

Клучно за брзиот раст на Интернет е слободниот и отворениот пристап до основните документи, особено спецификациите на протоколите. [55]

Во текот на изминатата деценија, искористувањето на интернет технологиите во дипломатијата стана редовна пракса која започна да се користи на различни начини. Употребата на интернетот и социјалните мрежи многу од земјите ги ставија во улога на јавната дипломатија.[56]

Глобалното ширење на социјалните медиумски интернет страници ги опфаќаат сите возрасни групи и пронаоѓаат свои постојани корисници заради различни намери. Поединци користат Фејсбук за одржување на социјалните врски, Твитер се користи за собирање информации, а пак Линкдин се користи за барање работа.

Дигиталната мрежа која се создава наметнува норма на поврзување, па оној кој не е поврзан останува надвор од сферата на социјалните и професионалните збиднувања.

Дигиталната технологија несомнено го создаде обликот и начинот на кој работи современиот свет, кое обликување ја создаде и новата форма на дипломатијата позната како дигитална дипломатија. Со новата технологија се

[55] Cohen-Almagor, R. (2011). *Internet History*, University of Hull, UK, International Journal of Technoethics.
[56] Manor, I. (2018). *The Digitalization of Diplomacy:Toward clarification of a Fractured Terminology,* University of Oxford.

обезбеди пристап до инстант информации и интеракции преку Интернет комуникацијата, а дипломатите и владините претставници започнаа да ги користат овие придобивки во своја полза.

Развојот на Интернет предизвика голема промена во светот. Интернетот, заедно со компјутерските системи, обезбеди единствена можност за непосреден пристап до нови информации и можност за испраќање на пишана порака за неколку секунди. Во својата рана иновација, интернетот беше алатка што ја користеше само владата. Тоа беше проект контролиран од државата, кој се потпирал на експерт- кодерите кои знаат како да го работат. Потоа, како што Интернет полека стана достапен за целата јавност, стана очигледно дека се развива во нешто поголемо.[57]

Многумина веруваат дека светот моментално доживува втора револуција во Интернет технологијата, нарекувајќи ја како „Веб 2.0“. Дваесет и првиот век е обележан со својата посветеност и развој кон мобилната технологија, каде што луѓето веќе не треба да седат покрај своите компјутери за да можат да имаат пристап до Интернет. Развојот на паметните телефони им овозможува на луѓето да го донесат својот телефон со нив каде и да одат, продолжувајќи со нивните инстант текстови и комуникации во текот на денот. Покрај тоа, плетеницата на мобилни сателити низ целиот свет сега им го овозможи на луѓето во помалку развиените области во светот да се приклучат на овие разговори[58] со мобилни уреди и Интернет и да се промовираат инстантно, со што постојаната комуникација, начинот на кој поединците го живеат својот живот драстично се смени, правејќи го многу лесно стапувањето во контакт со некого. [59]

Интернетот е клучен двигател за модерната дипломатија. Иако појавата на Интернетот е во далечните 1960-ти години, сепак од деведесетите години на минатиот век тој се здоби со огромна популарност и ја предизвика т.н.

---

[57] Verrekia, B. (2017). *Digital Diplomacy and Its Effect on International Relations*, SIT Graduate Institute/SIT Study Abroad.

[58] Dizrad Jr, W. (2001). *Digital Diplomacy U.S. foreign policy in the information age*. London: Praeger
[59] Costigan, S.& Perry, J. ( 2012). *Cyberspaces and Global Affairs*. New York: Routledge.

информациска револуција. Информациите и новостите се веднаш достапни, а развојот на настаните е видлив без разлика во кој дел од светот се случуваат. Се создава ситуација кога општата јавност може да заземе учество во водењето на дипломатијата. Информациската револуција практично ги претвори информациите во извор на моќ и влијание на национално ниво. Традиционалните воени и финансиски сили се заменуваат со мека моќ односно постигнување на посакуваните цели на меѓународен план преку убедување спротивно на присилата. [60]

Со примена на интернетот - **дијалогот**, општењето и размената на информации меѓу луѓето од целиот свет се случуваат постојано, 24/7, преку целата година. Социјалните медиуми обезбедуваат огромни можности и предизвици за државите и меѓународните организации во нивните обиди да се вклучат во развојот и создавањето на новите светски политики.

Револуцијата во ИКТ резултира со фундаментални промени во однесувањето на дипломатијата на глобално ниво. Така на пример, земјите како Египет, Тунис, Јемен доживеаја огромна промена со еволуирањето на социјалните медиуми, па истите тие станаа платформа за дистрибуција на нецензурирани јавни информации помеѓу самите корисници. Исто така социјалните медиуми им помогнаа на активистите на Арапската пролет да ги срушат бариерите на стравот со меѓусебно поврзување и споделување информации.[61]

Со рапидната употреба на интернетот забележани се бројни термини кои се однесуваат на влијанието на дигиталните технологии врз дипломатијата. Новите термини најчесто се фокусираат на концептуализацијата на дипломатијата во дигиталната ера, па следствено на тоа се појави терминот „мрежна дипломатија“- кој се поврзува со широката примена на интернетот, потоа „јавна дипломатија

[60] Grech, O. (2006). *Virtual Diplomacy –Diplomacy of the age.* A dissertation presented to the Faculty of Artsin the University of Malta for the degree ofMaster of Arts in Contemporary Diplomacy.

[61] Adesina,*O. (2017). Foreign policy in an era of digital diplomac. University of Lancaster, UK.*

2.0", чие име е базирано на концептот на веб 2.0 и "Twiplomacy" термин кој произлезе од широката примена на Твитер.

Бјола и Холмс[62] ги дефинираа дигиталните дипломатии како алатка за промени, додека во 2012 година Потер изјави дека дигиталната дипломатија е спроведување на дипломатија преку мрежни технологии.

Светските лидери и дипломатите користат социјални медиуми, а особено Твитер да зборуваат и да се обратат директно на публиката на која сакаат да влијаат. Исто така, дипломатските активности се повеќе се поддржани од интернет алатки.

Се почесто се истакнува фактот дека интернетот може да се смета од страна на владите како единствен дипломатски инструмент; преку правилна употреба, тие можат да ги "рекламираат" не само нивните позиции, туку и да ги промовираат своите идеи низ целиот свет. Таквата функција, ако се користи на вистински начин и со оправдана цел, им помага на амбасадите, а како резултат на државата што ја претставуваат, да создадат позитивна слика во земјата-домаќин .

Голем број амбасади денес имаат интерактивни веб-страници, Фејсбук сметки, а исто така расте и бројот на амбасадори кои имаат активно присуство на Твитер.

Студијата за твипломатија, која е годишен глобален преглед на присуството и активноста на раководителите на државите и владите, министрите за надворешни работи и нивните институции на Твитер, спроведени од Бурсон-Марстелер, глобална компанија за односи со јавноста и објавена во април 2015 година, анализира 669 владини акционери, во 166 земји и откри дека 86% од сите

[62] Manor, I. (2018). *The Digitalization of Diplomacy:Toward clarification of a Fractured Terminology,* University of Oxford, DigDiploROx Working Paper No 2.

193 влади на Обединетите нации (ОН) имаат присуство на Твитер, додека само 27 земји, главно во Африка и Азија-Пацифик, немаат присуство на Твитер.

Според извештајот, "Twiplomacy 2015“ уште еднаш покажа дека социјалните медиуми се суштинска комуникациска алатка за владите и дека Твитер стана канал на избор за дигитална дипломатија. Премиерот на Велика Британија @ Number10gov е меѓу првите следени водачи на ЕУ со повеќе од 3 милиони следбеници пред италијанскиот @MatteoRenzi со 1,7 милиони следбеници.[63]

Дипломатите се потпираат на Интернет за да најдат информации, за да комуницираат со колегите преку е-пошта, и да преговараат за нацрт-текстови во електронски формат; а воедно, се повеќе ги користат и новите социјални мрежни платформи, како што се блогови и Фејсбук. Социјалните медиуми и додадоа важна реална временска димензија на дипломатијата, што ја прави комуникацијата ултра-брза и често прецизна.[64]

Филип Сеиб [65] прокламира дека со доаѓањето на социјалните медиуми не е првпат развојот на нова комуникациска технологија да има влијание врз практиката на дипломатијата. Традиционално, пишува Сеиб, „дипломатијата беше домен на изолираната елита“, но развојот на комуникациската технологија ги поткопа монополните дипломати што некогаш се држеа за ширење на јавните информации во меѓународните работи.

Сеиб, исто така, илустрира како социјалните медиуми ја менуваат секојдневната практика на дипломатијата. Тој сугерира дека во минатото, „информацијата им се приближуваше бавно на креаторите на политиките, а уште побавно на јавноста“. Ова им обезбедувало на владините службеници на голема врата, на време да водат деликатни преговори или да донесат важни одлуки на начини кои биле помалку предмет на јавниот притисок и преглед.

[63] Adesina,*O. (2017). Foreign policy in an era of digital diplomac. University of Lancaster, UK.*
[64] Adesina,*O. (2017). Foreign policy in an era of digital diplomac. University of Lancaster, UK.*
[65] Seib, Ph. (2016). *The Future of Diplomacy.* (Cambridge, UK; Malden, MA: Polity Press

Овластено од социјалните медиуми, луѓето можат да пристапат до општото јавно мислење, за речиси секоја голема меѓународна криза во моментот кога официјалните извештаи ќе стигнат до креаторите на политиките. Покрај тоа, според авторот, неточни информации можат да се шират низ целиот свет веднаш преку Фејсбук или ЈуТјуб, и доколку дипломатите не успеат да одговорат правилно и веднаш, гласините можат да ја влошат дипломатската криза.

Според Сеиб, социјалните медиуми се чини дека ја поткопуваат, наместо да ја зајакнуваат, дипломатијата. Тој тврди дека долгорочните државни традиции на дипломатија ќе бидат зајакнати со употреба на социјални медиуми, но најмногу од страна на недржавните актери. Прашањето што Сеиб се бори да го реши е дали социјалните медиуми им служат на недржавните актери како лифт, преку кој ги провлекуваат информациите? Недржавните актери уживаат релативно ограничен пристап до традиционалните медиуми, но социјалните медиуми им даваат на недржавните актери „поголем кредибилитет и поголем пристап до светската публика отколку што имаа во минатото.“ [66]

[66] Seib, Ph. (2016). *The Future of Diplomacy.* (Cambridge, UK; Malden, MA: Polity Press

# 6. СТУДИИ НА СЛУЧАЈ

## 6.1 Азија – случајот на Индија и на Пакистан

### 6.1.1 Историјат

Спротивставеноста на Индија и Пакистан започнува уште на самиот старт на нивната независност, во 1947 година, кога Британија религиозната и разновидна индиска империја ја дели на две независни држави. Со завршувањето на колонијализмот, Индија претендира да прерасне во секуларна демократија, додека традиционален Пакистан да остане демократска татковина на Јужноазиските муслимани. Историски наназад во тој период се случила најголемата преселба на бегалците во човештвото, од двете страни во новоформирните држави. Бидејќи хиндусите, сиките и муслиманите живееле во сите делови на огромната британска колонија, во тој период околу 6 милиони муслимани пребегале на територијата на Пакистан, а преку 4 милиони Хиндуси и Сики се преселиле на територијата на Индија. Нетрпеливоста и напнатоста помеѓу групите биле на високо ниво, па често помеѓу нив избивале судири кои завршувале на многу крвав и ѕверски начин. Се претпоставува дека еден милион мигранти биле заклани, а пак од друга страна оние верски малцинства кои што често пати се случувало да бидат заробени биле третирани лошо. Спомените од поделбата на британската империја биле многу болни и траорни, и како такви останале длабоко врежани во потсвеста на постарите Индијци и Пакистанци, па како болна траума подоцна биле пренесувани на помладите поколенија.[67]

Разрешувањето на конфликти, преставува процес во кој создавачите на спорот се токму оние кои можат да го решат. За да се дојде до разрешување на конфликтот мора да се достигне помирување т.е. простување, кој иако преставува подолготраен процес создава баланс помеѓу потребите на поширокото општество за нов почеток и индивидуалните страдања на жртвите во конфликтот, а завршува со обновување на траумата (осуда на виновниците) и соопштување на вистината

[67] Lavoy, P.R.(2006). *Pacistan's strategic culture.* Report for Defence Threat Reduction Agency, USA

(оштета на жртвите). Процесот за надминување на траумата поточно е основа за постигнување на траен мир, кој новите институции на системот во општеството ќе го постигнат преку простување на сторените неправди и злосторства.[68]

Создавањето на Индија и Пакистан, како независни држави било придружувано од невиден холокауст, каков што не се случил до сега во човековата историја. Милиони луѓе биле крваво убиени, во име на поделбата на индиската империја. Водачот на муслиманите на чело на Пакистан , предводен од желбата за власт успеал да ја предизвика верската страст кај луѓето, за да ги постигне своите политички цели, и во целост ја мобилизирал поддршката на сите муслимани од регионот, за на тој начин да ја основа националната држава на религијата. Индија, пак, во согласност со својата традиција од пред илјадници години прилагодила секуларен и плуралистички модел на државно оформување.[69]

### 6.1.2 Спорни точки

Непријателствата помеѓу Индија и Пакистан биле предизвикани од повеќе спорни точки, но областа Кашмир и Џаму преставуваат најголемиот бедем на постојана борба.

Кашмир претставува област која според својата географска положба во Азија се наоѓа на крстопат помеѓу Пакистан, Индија, Авганистан и Кина во Хималајските планини. Кашмир е изворот на постојаното ривалство и конфликт помеѓу Индија и Пакистан досега од 1947 година.

Кашмир заради својата поставеност, е многу важна геостратешка област на Азија и преставува “спој” помеѓу Индија, Пакистан, Кина, Авганистан и поранешниот СССР т.е. централна Азија.

---

[68] Фрчкоски, Љ.Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје: Магор

[69] Parmar, L. (2011). Globalisation and indian civil-military relations. Филозофски факултет- Скопје, Институт за безбедност, Одбрана и Мир.

Хаосот кој е создаден во тој регион е последица на погрешната поделба на британска Индија. Создавањето на Индија и Пакистан значело и наследување на историските проблеми на регионот при што најголем проблем е токму Кашмир пред се заради измешаното население, како и "оправданоста" на двете новосоздадени држави за полагање на право на припојување кон секоја од нив.

Кашмир станал фокусна точка на меѓудржавниот конфликт. Луѓето од оваа област биле заглавени во тековниот горчлив спор меѓу Индија и Пакистан. Веднаш по прогласување на "независноста" спорот околу Кашмир прераснал во војна 1947-1948, а бил главен предизвикувач и за следните два вооружени-воени судири помеѓу Индија и Пакистан во 1965 год. и 1971 година.

Во согласност со пописот од населението во Кашмир во 1941 година изнесувал 4.02 милиони, а 77 отсто Муслимани и 20 проценти биле Хиндуси. Денес 45,62 проценти од првобитната државна територијата е со Индија, 35,15 проценти со Пакистан и 19,23 проценти со Кина.[70]

Индија го смета конфликтот на Кашмир како територијално прашање, што се оправдува и со постојаните вооружени судири кои се случуваат на "Контролната линија" која го дели Кашмир помеѓу Индија и Пакистан. Надворешната ориентација т.е. интересите на Индија за територијата на Кашмир и нејзиното неотстапување се поврзани со дефинирањето на Индија како секуларна држава, која го занемарува фактот дека мнозинството население во Кашмир се муслимани. Втората карактеристика за превласт во Кашмир е стравувањето за идентитетот на Индија, односно дека со губењето на раководството над Кашмир би се распаднале и други региони во индиската Унија. Индиското општество, кое е населено со над милијарда население е поделено на разни групи со безброј јазици и дијалекти, 6 главни религии, 6400 касти и под-касти и 52 големи племиња. Најголем дел од заедниците се или двојазични или тројазични, идентитетите се движат од хинду до муслиманско религиозен тип, а

[70] Cheema, M. J. ( 2015*). Pakistan- India conflict with special reference to Kashmir*. University of the Punjab, Lahore. South Asian Studies. A Research Journal of South Asian Studies

повеќе од 1000 заедници се под влијание на верските лидери во двојни верски системи. Во ваква ситуација создавањето на унифициран индиски систем е многу тешко, ситуација во која насилството е крајно изразено и постојано присутно. Окупираноста на Индија над Кашмир е со цел да се изгради цврста контрола за да се спречат сериозните нарушувања на демократските процеси и другите форми на насилство во името на религијата, кастата, племето.

Ставот на Пакистан кон областа Кашмир е сосема спротивен и преставува недовршена агенда на поделбата од страна на Британија. Пакистан смета дека треба да се испочитува правото на самоопределување на Кашмирците, принцип кој што исто така бил прифатен и од страна на Советот на безбедност на Обединетите нации.[71]

Спорот е од огромно значење во светски рамки бидејќи како што пишува Волфганг-Петер Цингел[72] на симпозиумот одржан во Бон 2004 година под наслов “Насилните конфликти и нивното влијание врз демократијата во Јужна Азија”

„…б*идејќи конфликтот на двете нуклеарни сили може да ескалира во целосно разнесувачка нуклеарна војна*…“

Индија и Пакистан се земји во постојан вооружен судир, а поседуваат и произведуваат нуклеарно оружје. Последниот поголем вооружен судир помеѓу Индија и Пакистан преставувал доказ за употребата на тешкото артилериско оружје кое било сопрено по интервенцијата на големите сили (Кина, САД). Индија и Пакистан имаат густо населена заедничка граница, па во случај на напад, не би имало време за рано предупредување. Заштитните мерки се слабо развиени, а врановите на бегалци постојани и во огромен број. Кина го користи конфликтот за да го прошири своето влијание врз политиката на Пакистан. Кина е главен конкурент на Европа и САД за нафта и гас од Централна Азија. Индија го добива

[71] Cheema, M. J. (2015). Pakistan- India conflict with special reference to Kashmir. University of the Punjab, Lahore. South Asian Studies. A Research Journal of South Asian Studies
[72] Zingel, W.P. (18 Feb 2004). Kashmir Conflict. South Asia Institute of Heidelberg University, Department of International Economics

своето оружје со благослов од Русија, а има тесна соработка со Израел. Пакистан е постојан соработник на САД, а добива оружје и технологии од Кина.[73]

Како главни спорни точки, предизвикувачи на вооружени постојани судири и континуирано непријателство помеѓу Индија и Пакистан се областите Сиахен и Сер Кирк. Глечерот Сиахен преставува највисоко бојно поле во светот и тој преставувал сведок на непријателствата повеќе од дваесет години. Заради натприродните непријатни климатски услови тој бил нарекуван и „третиот пол“. Областа наречена Сер Крик претставува спор со долга историја наназад уште пред осамостојувањето на независните држави. Тој воглавно се состои од неможноста за демаркација на поморската граница  во таа област.

### 6.1.3 Мировни процеси

Почетоците на Процесот на композитен дијалог датираат од почетокот на 1997 година, кога во Мале, главниот град на Малдиви, лидерите на Индија и Пакистан, ја отворија иницијативата за структурен дијалог или Процесот на композитен дијалог (CDP). Врз основа на компромисниот пристап, мировниот процес им овозможи на двете земји да разговараат за сите прашања, вклучително и Џаму и Кашмир, истовремено. Од своето основање, процесот на дијалог помина низ бројни успони и падови во билатералните односи. Тој остана подложен на непредвидени инциденти кои многупати го исклучуваа процесот во минатото. Постојаност во процесот бил присутен во периодот од април 2003 година и постојано напредувал до терористичките напади во Мумбаи на 26 ноември 2008 година, кога дијалогот бил прекинат долго време.

Клучен акцент во процесот на Композитниот дијалог бил ставен на воспоставување на мирот и безбедноста и преземање на сериозни мерки за градење на довербата како договори за прекин на огнот, трговија и транзитни

[73] Zingel, W.P. (2004). *Kashmir Conflict.* South Asia Institute of Heidelberg University, Department of International Economics(Symposium on “Violent conflicts and their impact on democracy in South Asia”, organized by the Center for Development Research (ZEF) and Bonn International Center for Conversion (BICC), Bonn.

точки итн. Биле договарани спорните области во Џаму и Кашмир при што биле наброени предлози под капата на сложениот дијалог во врска со конечна територијална поделба на Кашмир. Како трета точка бил спорот околу глечерот Сихен односно демилитаризација на Сихен и поставување на заедничка контрола. Четврта точка на расправа била дискусијата околу Тулбул навигационен проект, како што го нарекува Индија или Вулар Бараџ, како што го нарекува Пакистан. Спорот произлегува и од дефинирањето на називот, а во реалноста се однесува на изградба на 439 метри долга и 40 метри широка преграда од Индија и е поврзан со употребата на вода во Кашмир. Петтата точка за која се преговарало е областа Сер Крик, единственото прашање кое не е поврзано со Кашмир, а се однесувало на пограничната зона во западниот сектор. Прашањето за тероризам и трговија со дрога било проследено со размена на информации за терористичките акти, како и поставување на заеднички механизам за справување со тероризмот. Следната точка за која се дискутирало е економската и комерцијалната соработка преку поставување на модалитети и механизми на прекугранична трговија, и последното прашање било поврзано со промоција на пријателски размени во разни области, главно поврзани со културата, образованието, медицината, туризмот, спортот и медиумите.[74]

Иако идејата и формата на сложениот дијалог била официјално поставена во 1997 година, тој всушност многу бавно со одвивал. Периодот од 1997-2004 година бил опкружен со премногу кризи во Индо-Пакистанската врска за процесот на композитен дијалог, всушност, да се идентификува како процес. Најзначајна била кризата т.е. Каргерската војна од 1999 година, трите последователни напади од декември 2001 година на индискиот парламент од страна на терористите во кои постоел сомнеж за пакистанско соучество и ситуацијата "раб на војната" по нападот кој продолжи за 10 месеци од декември 2001 до октомври 2002 година.

[74] Padder, S. (2012). *The Composite Dialogue between India and Pakistan: Structure, Process and Agency.* South Asia Institute Department of Political Science Heidelberg University.

Во тоа време, Индија и Пакистан чувале еден милион војници во состојба на висока воена подготвеност по должина на Контролната линија во Кашмир. [75]

Во периодот помеѓу 2004 – 2008 година композитниот дијалог меѓу Индија и Пакистан се затворил со драматичните напади во Мумбаи во ноември 2008 година, иако веќе биле завршени т.н. четири круга.

Значаен елемент во нарушување на односите меѓу Индија и Пакистан и елемент кој постојано ја одржува активна воената подготвеност е постојаното присуство на тероризмот и милитантните групи.

Во одредување и дефинирање на поимот тероризам, присутна е и потребата за постоење на определен меѓународен договор врз основа на кој страните на истиот ќе можат да ги градат и развиваат поставените цели. За одредена појава да има причина да се нарече „терористичка“, самиот акт на терор мора да има политичка цел. Тероризмот се дефинира како збир од политика и насилство со намера да се добие моќ. Насилството преку тероризмот е примарно и единствен начин за добивање и постигнување на долгорочните политички цели. Тероризмот е транснационален бидејки заканите за напад не се од други држави, туку од мобилните криминални групи кои со своите активности го загрозуваат суверенитетот на земјата, во која го спроведуваат теророт. Тероризмот како помошно средство претставува насилство или заканувачко насилство, има за цел да предизвика паника во општеството, да ја ослаби или собори политичката власт и да предизвика политички промени. Во современите услови кога агресивните војни стануваат премногу ексклузивни, односно ризични, а со мала шанса за остварување на поставените цели, „тероризмот“ почнува да станува замена за големите војни.[76]

Тероризмот претставува чин со кој се обидува да се испрати порака која оди подалеку од вистинското уништување на животот и имотот, порака која треба

[75] Dasgupta, S.(2015). Kashmir and the Indian- Pakistan composite dialogue process. S. Ratnam school of international studies Singapore
[76] Милошевска,Т. (2018). *Глобален тероризам*. Скопје. Филозофски факултет

да ја слушнат три групи луѓе: (1) првите се цивилите, кои се сведоци на настанот; (2) вторите се владите кои се повикувани да одговорат на терористичкото насилство; (3) третите се потенцијалните поддржувачи. Терористичките групи имаат јасни дефинирани политички, општествени или економски цели и соодветни елементи како политичко крило, чија улога е притисок за започнување или закочување на политичките преговори. [77]

Композитниот дијалог продолжил полека во 2010 година, но бил поттикнат единствено од економските двигатели. Заради постоење на тензиите постојано доаѓало до нарушување на дијалогот, а и во моментите на нормализација на односите поддршката доаѓала од лобито на бизнис заедниците.

И покрај фактот што процесот на Композитен дијалог е пожелен пристап во разрешување на спорните прашања помеѓу Индија и Пакистан, сепак односот меѓу двете земји и понатаму останува сложен и променлив.

Индија и Пакистан се чини дека имаат различни пристапи и очекувања од и кон Композитниот дијалог. За Пакистан, нејзината желба е да се натера Индија да се согласи што е можно поскоро да реши некои од сериозните прашања кои ги загрижуваат двете земји. Со оглед на значителниот компромис што го направи Пакистан со откажување на долгогодишниот став за решавање на "незавршеното дело на поделба", кашмирскиот спор, како предуслов за влегување во повеќе инволвирани и сложени односи со Индија. За Индија, се чини дека идејата е да се изградат силни економски врски. Ова, веројатно, отсекогаш било ставот на Индија, иако Њу Делхи, исто така, се соочи со компромис со тоа што се согласи да разговара за спорот околу Кашмир на значаен начин како дел од Индо-Пакистанскиот композитен дијалог.

[77] Ташковски, И. & Танески, Н. (2018). *Разрешување конфликти и меѓународен тероризам*. Скопје : Ка ел ес принт.

Најголемиот проблем меѓу Индија и Пакистан во моментов е отсуството на доверба. Во оваа ситуација на недоверба, политичкото раководство во двете земји треба да покаже политичка волја за решавање на отворените прашања.[78]

### 6.1.4 Улогата на виртуелната дипломатија во случајот Индија – Пакистан

Индија, како земја која преставува поранешна колонија со релативно затворен систем на опстојување, во голема мера ги прифаќа и применува новините од развојот на електронските комуникации кои рапидно навлегуваат со употребата на интернетот и социјалните мрежи.

За Индија, социјалните медиуми преставуваат алатка која овозможува да се сменат негативните впечатоци и да се создадат позитивни квалификации кон развиениот свет. Ова се должи на големиот опсег на социјалните мрежи и нивната моќност за здобивање на огромна публика со која лидерите можат директно да комуницираат. [79]

Лидерството во Индија, кое во основа е голем поддржувач на примената и практиката на новите технологии, на голема врата го воведе и таканареченото *брендирање на нацијата*, како средство за поголема позитивна препознатливост во светот.

Терминот брендирање на нација, наводно, прво го користел британски научник и консултант Симон Анхолт во 1996 годин [80] . Тој го дефинира националниот бренд како „збир на перцепцијата на луѓето за една земја во шест области на национална надлежност“, вклучувајќи туризам, извоз, управување, инвестиции и имиграција, култура, наследство и луѓе. Како што подразбира

[78] Padder, S. (2012). The Composite Dialogue between India and Pakistan: Structure, Process and Agency. South Asia Institute Department of Political Science Heidelberg University.
[79] Palit, P. S. (2018). *India's use of social in public diplomacy.* Rajaratnam School of International Studies ( RSIS), Nanyang Technologocal University (NTU), Singapore,(public Diplomacy of Rising and Regional powers).
[80] Kaneva, N. (2011). *Nation branding: Toward an agenda for critical research*. International Journal of Communication

брендирање на нацијата, терминот најчесто се користи за употреба на принципи и стратегии за брендирање, како што се управувањето со угледот, убедувањето и кредибилитет, со цел да се подобри имиџот на нацијата во перцепцијата на одредена публика. Голем дел од академската работа што е објавена и поврзана со брендирањето на нацијата, спаѓа во една од двете доминантни категории: (1) написи кои ги фалат практиките на брендирање на нации и ги поттикнуваат земјите и практичарите да развијат свои кампањи за брендирање на нации и (2) написи кои опишуваат различни успешни приказни вклучувајќи - често генерички - совети за тоа како да се спроведат методите добиени од успешни примери. Во рамките на двете категории застапниците на брендирање на нација донесоа функционалистичка перспектива, и се согласија дека брендирањето на нацијата е решение за мали или сиромашни земји „на кои им е потребна конкурентска предност во глобалниот пазар“. [81]

Индиската дипломатија официјално започна да се применува дигитално кога Министерството за надворешни работи (МЕА) го објави својот прв твит во 2010 година. Индија успешно оди по дигитален пат. Таа продолжува да инвестира многу во градењето на нејзиното дигитално достигнување и покрај ограничувањата на ресурсите. Иницирано и предводено од амбасадорот Нардеп Сури, потоа заеднички секретар и шеф на новоформираната јавна дипломатија, Министерството за надворешни работи брзо стана дигитален лидер во индиската влада. Како најдобар ефект од употребата на социјалните мрежи и неговото преставување преку Твитер е во помагањето и олеснувањето на успешната евакуација на повеќе од 18.000 индиски државјани од Либија за време на граѓанската војна 2011 .

Индија е земја со 1,3 милијарди луѓе, која додаде околу 100 милиони интернет корисници на светската популација на интернет корисници во 2016 година. Нарендра Моди, своевремено трикратниот главен министер во индиската држава Гуџарат, забележа огромен потенцијал во моќта на овие броеви и,

[81] Renken, W. (2014). *Social Media Use in Public Diplomacy*. MSc in Strategic Public Relations jointly delivered by the University of Stirling and Lund University.

следствено, во потенцијалот на социјалните медиуми. Тој победи на изборите во највисоката функција во најголемата демократија во светот, поттикната од неговата употреба на социјалните медиуми како алатка за изборна кампања. Во своето инаугуративно обраќање како премиер, откако положи заклетва, Моди рекол "*Јас цврсто верувам во моќта на технологијата и социјалните медиуми да комуницирам со луѓе од целиот свет. Се надевам дека оваа платформа создава можности за слушање, учење и споделување на ставовите на другите.*" [82]. Социјалните медиуми се важен дел од неговиот стил на владеење.

Дигиталната дипломатија стана примарна алатка за ползување на меката моќ на Индија. Сегашната ера е ера на многу остар фокус на употребата на дигиталната дипломатија од страна на разни агенции во Индија, кои најистакнато ја вклучуваат надворешната канцеларија и канцеларијата на премиерот. Премиерот Моди е трет најпознат политички лидер во светот по американскиот претседател Барак Обама и папата Френсис.

Во 2015 година, Генералното собрание на ОН со огромно мнозинство го прогласи 21 јуни како Меѓународен ден на јога, по иницијатива на премиерот на Индија. Ова се сметаше за значаен дипломатски успех на индиската мека сила.

Јогата се појави како одличен фактор на обединување на индиските амбасади низ светот кои организираа програми и спроведоа огромна кампања преку социјалните медиуми за настанот.

Кампањата за Меѓународниот ден на Јогата спроведена преку социјалните медиуми во голема мера докажува како дигиталните алатки ги обезбедуваат потребните средства, начин и време за да се предизвика промена во перцепцијата. Токму тоа е целта на дипломатијата - промена на перцепциите. Следствено, креирањето на политиките и силната акција од страна на владата на

[82] Sarvjeet, S. (2016). Digital Diplomacy in India: Virtual networks, Real gains. Universite Paris Sorbonne

Индија преку употребата на социјалните медиуми преставува столб на сите позитивни промени во промовирањето на Индија. [83]

Непрекинатиот проток на информации во денешниот свет ја намалува релевантноста на социо-политичките хиерархии и меѓународните граници во контекст на дипломатијата. Дигиталната дипломатија, најсовремениот подвид на дипломатијата го редефинираше конвенционалниот поим на дипломатијата и стана од суштинско значење за тоа како се спроведува. Интензивната брзина со која се шират информациите и енергијата со која се размножува претставува многу силен предизвик за денешните дипломати. Мора да бидат иновативни, храбри и брзи, но во исто време, не можат да си дозволат да бидат неточни или несогласни со гледиштето на Владата, што ја претставуваат.

## 6.2. Европа- случајот на Украина - Русија

### 6.2.1. Историјат

Во ноември 2013 година, кога украинскиот тогашен претседател Виктор Јанукович[84] се повлече од потпишувањето на Спогодбата за асоцијација со Европската унија, илјадници разочарани украински граѓани излегоа на улиците на Киев во знак на протест и незадоволство кон сопствениот претседател и неговата постапка. Брзо распространетата нестабилност се рашири во остатокот од земјата и предизвика закана за државното највисоко раководство и соборување на Јанукович. Вакуумот во власта кој се создаде во овој период во Киев беше проследено со анексијата на Крим од страна на Русија и немири во источниот дел на Украина. Разгорени судири избија меѓу сепаратистички сили поддржани од Русија и младата украинската армија, што придонесе да се поткопа суверенитетот на Украина и да се дестабилизира земјата во целост.

[83] Sarvjeet, S. (2016). *Digital Diplomacy in India: Virtual networks, Real gains*. Universite Paris Sorbonne.
[84] Zhdanova, M. & Orlova, D. (2017). *Computational Propaganda in Ukraine:Caught Between External Threats and Internal Challenges*. University of Oxford

Во текот на изминатите пет години, конфликтот на територијата на Украина доведе до алармантна загуба на човечки животи и огромни економски и политички трошоци и предизвика масовно раселување на стотици илјади луѓе. [85]

### 6.2.2. Спорна точка

Од почетокот на конфликтот, а и во текот на неговото развивање потребно е да се разгледаат различните перспективи на различните групи кои се вклучени, како и дискурзивните процеси што придонеле за развојот на настаните и текот на целиот конфликт.

Во поглед на социјалната структура, во преден план е фокусот на етничката и јазична разновидност на Украина, како и односите меѓу различните етнички групи. Украинскиот конфликт се развивал во голем дел како последица на постојните поделби на етничките групи, за што пример преставува карактеристичното регионално гласање. Исто така, постоењето на политичките и културните разлики на традиционалните рускофонски региони во јужните и источните делови на земјата. Во областите на рускофонските региони, политичкиот конфликт се јавува како резултат на оспорувањето на легитимност на руската култура во Украина. Иако во основа различните постоечки групи меѓусебно не се гледаат непријателски и веруваат дека треба да имаат пријателски меѓусебни односи, сепак ненадминувањето на ароганцијата, херојството и вкопаноста на сопствените ставови, придонесоа кон влошување на кризата која ги засили негативните ставови и маргинализацијата на Русите и руското говорно население во Украина.

Политичките процеси во Украина, започнувајќи од самиот почеток со распаѓањето на руската федерација и последователното појавување на Украина како независен ентитет, придонесоа кон развој на настаните и предизвикување на тековниот конфликт. Тука на украинската политика се гледа како на борба на

[85] Sargsyan, A.H. (2019). *Unpacking Complexity in the Ukraine Peace Process,* Center for Security Studies (CSS) at ETH Zurich, No. 243.

политиката помеѓу новиот и стариот стил со мешање на исклучителните фактори кои воедно придонесуваат за развој на кризата: подемот на авторитарните и нео-советски политички сили, текот на народните протести поддржани од Запад, проширувањето на Нато и ЕУ, како и национализмот и ревизионизмот на Руската надворешна политика.

Пропагандата преставува многу важен фактор во креирање на настаните и текот на конфликтот во Украина. [86]

Одлуката за анексија на Крим (неразделен дел од руската земја) веројатно била донесена уште во 2008 година, веднаш по Самитот на НАТО- алијансата во Букурешт и ветувањата на Украина (и Грузија) за нејзино идно членство во Алијансата. Руските аспирации за порано дејствување во таа насока се смириле откако Виктор Јанукович беше избран за претседател на Украина и последователното навлегување во високите владини канцеларии од страна на руските граѓани. Со зголемување на финансиската зависност на Украина од Русија и проширената соработка помеѓу два воено-индустриски комплекси се намалила потребата за анексија. Ситуацијата се сменила ненадејно на 22 февруари, 2014 година, кога претседателот Јанукович со група високи украински официјални лица тесно поврзани со руските безбедносни служби неочекувано побегнале од Украина.

Експресно бил свикан референдум за повторно обединување на Крим со Руската Федерација со кратко известување на 27 февруари, 2014 година. Веднаш по огласеното известување рускиот безбедносен персонал направил блокада на сите украински телевизиски канали, вовел тесна блокада на копнената граница со копнената украинска територија, ги затворил летовите на аеродромот Симферопол од Украина и со тоа била спречена дифузијата на Крим на украинските печатени медиуми. Населението на Крим на тој начин било подложено на еднострани информации и честопати целосна дезинформација од

[86] Pikulicka- Wilczewska, A. & Sakwa, R. (2016). *Ukraine and Russia People, Politics, Propaganda and Perspectives*. E-International Relations www.E-IR.info Bristol, England.

страна на руските државни контролирани масовни медиуми. Временскиот притисок, постоењето на кримските сецесионистички власти и рускиот персонал за безбедност не биле заинтересирани за ажурирање на списоците на избирачите и спречување на повеќекратните гласања. Референдумот на 16 март 2014 година наводно поминал мирно и уредно, но во многу важни аспекти не се совпаднал со високите демократски стандарди.

Референдумот се одржал под неправилни услови на руската воена окупација.

На 17 март 2014 година, Крим ја прогласува својата независност. На 18 март 2014 година, во Москва бил потпишан договорот за приклучување на Крим и Севастопол.[87]

Ескалацијата на украинскиот конфликт, заради повеќестраноста на учесниците во него довела до различно (погрешно или еднострано) определување на природата на самиот конфликт.

Кризата која резултирала од поврзаноста на конфликтите во три различни нивоа: геополитичка (глобална), украинско-руска (регионална) и во рамките на Украина (локална), можела да прерасне и на повисоко ниво токму заради актерите кои на различни нивоа дејствувале различно.

На глобално ниво, станува збор за конфликт помеѓу најголемите играчи на меѓународен план, пред сè, меѓу Русија и Западот (САД, ЕУ, НАТО и другите кои споделуваат заеднички стандарди на однесување со нив, на пр. Јапонија или Австралија). Предуслови за конфликтот биле предизвикани од погрешно креирање и развој на европската и северноатлантска конструкција за безбедност и соработка во раните 90-ти, невистини во врска со вклученоста на поранешните држави на Советскиот Сојуз во европски и евроатлантски интеграции. Прекршување на меѓународните закони од водечките играчи во

[87] Bebler, A. (2015). *Crimea and the Russian-Ukrainian Conflict*. Romanian journal of European affairs.

глобалната арена и разнишаната примена на двојните стандарди во светот, моралниот кредибилитет на Западот создале низа преседани и повреди на меѓународното право. Планот за членство во НАТО го поттикнал рускиот суров империјализам, а со анексијата на Крим се воспостави крај на пост-биполарниот систем на меѓународни односи што постоел последните две децении.

На регионално ниво, билатералниот конфликт меѓу Русија и Украина е предизвикан од ерозијата на постсоветскиот систем на односи во регионот како и желбата на Русија да ја врати „историската вистина" од минатото, а со тоа и да ја врати својата позиција во регионот и да обезбеди соодветно место во светот и во европското креирање на безбедноста. Катализатор за конфликтот стана повторената победа на проевропските сили во Украина (по портокаловата револуција) и нивните обиди конечно да се оддалечат од рускиот проект за евроазиска интеграција.

Локалниот (во рамките на Украина) конфликт се однесува на конфликтот помеѓу еден затворен политички и економски социјален систем и новото граѓанско општество кое негира олигархиски модел на градење на нации и социо-економски односи. Тука ескалацијата на конфликтот се должи на хетерогената природа на украинското општество и несоодветното распоредување на регионални, културни, јазични и религиозни разлики од страна на политичките елити за да ги извлечат своите краткорочни придобивки. Политичките елити шпекулираат за историски, јазични, религиозни, културни, економски и други разлики помеѓу регионите на земјата, со цел да ги унапредат нивните политички позиции и шанси да се збогатат преку економска криза. [88]

Во кримскиот конфликт учествуваа три страни: Република Украина, Руската Федерација и Автономната Република Крим. Вклучувањето на секој од овие актери многу се разликувала од гледна точка на законитоста и легитимноста.

[88] Zakharova, O. (2014). *Mapping of dialogue initiatives to resolve the conflict in Ukraine*. International Centre for Policy Studies (ICPS). Ukrain

Украина жртвувана од страна на надворешна агресија, како дел од меѓународно новопризната државна територија која била окупирана од вооружените сили на соседна држава и последователно анексирана од истата. Сепак, украинската привремена влада била таа која донела одлука да не се користат украинската армија, полицијата и државните безбедносни служби за да се спречи повредата на територијалниот интегритет на Украина и одвојувањето на Крим. На 19 март 2014 година, започнало повлекувањето на украинскиот персонал од Крим. Одлуката на Украина да не се спротивставува на окупацијата и да го повлече својот персонал преставувало предавање на Крим кон Руската Федерација, е донесена под принуда.

Втората страна на конфликтот е Руската Федерација. На 1 март 2014 година, Советот на Федерацијата на Федералното собрание на Руската Федерација едногласно го одобриле барањето на претседателот Владимир Путин да дозволи „ограничен воен контингент" на руските вооружени сили на територијата на Украина. Овој чин бил преземен со јасно кршење на чл. 2 од Повелбата на ООН, во која се вели дека „сите членки ќе се воздржат од заканата или употребата на сила против територијалниот интегритет ...на која било држава ". Исто така, била прекршена и „Декларацијата за принципите на меѓународното право" (1970), донесено од Генералното собрание на ООН, според која секое територијално стекнување по пат на закана и употреба на сила се прогласува за нелегално.[89]

Третиот ентитет се Крим и Севастопол. Во рамките на украинскиот уставниот и правниот поредок, одржувањето на референдумот на 16 март 2014 година и декларацијата за отцепување била јасно нелегална и противуставна. Член 73 од Уставот на Украина пропишува: „Измени на територијата на Украина ќе бидат решени исклучиво со целиот украински референдум ". [90]

[89] Bebler, A. (2015). *Crimea and the Russian-Ukrainian Conflict*. Romanian journal of European affairs.
[90] Bebler, A. (2015). *Crimea and the Russian-Ukrainian Conflict*. Romanian journal of European affairs.

Конфликтот околу Крим и Севастопол се развивал во меѓународно опкружување во кое освен двете директно вклучени држави, се вклучени и други важни актери: Европската унија, НАТО, ОБСЕ, ООН, САД, Германија, Франција, Полска. Руското раководство со години отворено се спротивставувало на интеграцијата на Украина во западниот економски и политички свет, а особено можноста за нејзиното членство во НАТО. Оваа руска позиција е добро позната, но редовно се игнорирала од западните лидери кои инсистираат на законското право на секоја европска држава да одлучува самостојно и слободно, вклучително и за членство во ЕУ или во НАТО. Највисоки претставници на Советскиот Сојуз и на неговиот правен наследник - Руската Федерација- официјално го признале ова право на сите европски држави во неколку документи, вклучувајќи ја и „Повелба на Париз за нова Европа“ (1990). Сепак, во пракса спроведувањето на ова апстрактно законско право зависи и е условено од голем број на внатрешно-политички и пошироки геополитички фактори, ограничувања и размислувања.

Со спроведената акција на Москва за Крим, Москва јасно и недвосмислено го потврди својот став по прашањето за натамошното проширување на НАТО во “дворот” на Русија.[91]

### 6.2.3. Мировни операции

Од самиот почеток на конфликтот видно е присуството на дипломатијата во разрешување на конфликтот од секаков вид. Најприсутна секако е официјалната дипломатија која иако формална на ниво на држава до држава, сепак следи протокол на кој секоја држава е потписник. Официјалната дипломатија ја спроведуваат дипломати, високи државни службеници и претседатели на држави и има за цел да се влијае врз структурите на политичката моќ.

Присутен е неоспорливиот факт дека меѓународната заедница и украинската надворешна политика не успејаа да преземат конкретни чекори и

[91] Исто.

позитивни мерки за да ја присилат Русија за мирно решавање на проблемот. Заради тоа главните напори на актерите во мировните процеси се насочени кон употреба на мировни средства со цел да се постигнат договори за решавање на системските причини на конфликтот.

Показатели кои укажуваат на тоа дека меѓународната безбедносна структура е сериозно разнишана, се појавата на глобален вакуум на власта на меѓународен план, а и немањето на потенцијална и политичка волја еднострано да се решаваат главните глобални теми, заради недостаток на економска и воена моќ, па меѓународниот систем е се помалку контролиран. Внатрешните конфликти преовладуваат над билатералните и меѓународните конфликти, во кои често пати се прибегнува кон индиректна агресија и хибридно војување. Слабите држави и непријателските држави прераснуваат во сериозен меѓународен безбедносен предизвик, со нанесување на длабоки ерозии на државниот монопол за насилство и придонесуваат за создавање поволни упоришта на тероризам, трговија со дрога, организиран криминал, пиратство итн. Ослабувањето на меѓународното право и прекршувањето на Повелбата на ООН од страна на постојните членки на Советот на безбедност на Обединатите нации го зајакнува владеењето на силата наместо владеењето на правото.

Горенаведените показатели укажуваат на тоа дека конфликтот во Украина е многу сложен и повеќеслоен конфликт, кој се јавува како геополитички, билатерален и внатрешен. Тој е единствен конфликт во кој државата, и покрај добиените безбедносни гаранции претрпува нарушување на нејзиниот територијален интегритет. Територијално конфликтот се одвива во рамките на европскиот безбедносен систем, кој се смета за најстар стабилен систем со добра регионална безбедносна структура и поседува мрежа на меѓународни институции со општоприфатени правила на меѓународна интеракција. Конфликтот е воедно асиметричен и хибриден, односно државата –агресор иако навидум го негира учеството во војувањето, нејзините активности вклучуваат постојани традиционални (заплена на територија, анексија) и нетрадиционални (информативно војување, тероризам) воени средства. Асиметричната страна на

конфликтот се огледа во тоа дека, слабата и дезориентирана држава се соочува со второрангираната глобална воена и нуклеарна светска држава, која е и постојан член на Советот на безбедност на ООН. [92]

Во периодот од 2014 и 2015 година направени се повеќе официјални дипломатски средби во кои како учесници покрај конфликтните страни секогаш постои и висок преставник од странство со единствена цел разрешување на конфликтот и крај на воените активности. На тие дипломатски средби активно учество заземале високи европски преставници и со крајни напори издејствувале донесување на 4 поединечни документи и договор во Минск со кои ја констатирале настаната состојба и се обиделе да наложат минимални обврски за разрешување на конфликтот, кои во пракса никогаш не биле целосно имплементирани што резултирало со неуспех во стабилизацијата на ситуацијата.[93]

Документите од Минск се инструмент кој овозможува трансформирање на конфликт со висок интензитет во конфликт со низок интензитет. Како резултат на тоа, миротворството е единствениот можен инструмент за решавање на конфликтите, освен за спроведување на мирот. Украина нема други опции освен да ги примени сите мирољубиви средства, имено преговори, истраги, медијација, помирување, арбитража, судско решение и прибегнување кон регионални организации.

Иако сите инволвирани страни лесно ги отфрлаат направените мировни процеси како неефикасни, сепак немо се сложуваат со фактот од непостоење на алтернативи. И покрај многуте недостатоци, мировниот процес послужил како основа за подобрување на комуникациите и управување со конфликтот, иако со многу мали но видни резултати во пракса успева да ги подобри животите на оние

---

[92] Filipchuk, V. (2016). *Interantional reacekeeping and war in eastern Ukraine: are there any points of contact?.* International Centre for Policy Studies (ICPS)

[93] Dr. Butenko, V. & Dr. Zürcher, S. (2014). *Simulation of Negotiations: Ukraine-Russia-European Union Relations Ukraine – Russia: Relationships 2014 – present*

кои се најпогодени од конфликтот, а со тоа и да продолжи да се развива на повисоко ниво.

## 6.1. Улогата на виртуелната дипломатија во случајот Украина- Русија

Воведувањето и примената на дигиталната дипломатија во украинската практика е пред се во напорите за промовирање на веб-страната на Министерството за надворешни работи на Украина, која преставува доста голем информативен портал кој има широк спектар на материјали што ја опфаќаат надворешната политичката активност на државата. Создадени се веб страници за конзуларните активности на установите со информации насочени кон граѓаните на Украина.

Во контекст на конфликтот со Русија, интернетот и создавањето на нови веб страници се од голема корист, за да се обезбеди поддршка на украинските граѓани кои се на територија на Русија поради постоење на ситуацијата која довела до прекинување на дипломатските активности помеѓу двете земји.

За време на конфликтот во Украина, социјалните медиуми станаа дом на интензивни ажурирања на информациите поврзани со конфликтот, поврзаните настани, неисправни аргументи и разноразни дебати. Сајбер просторот во голема мера бил злоупотребен.

Сајбер просторот најчесто се користи со цел да се откријат комуникациските системи на еден противник. Сепак, конфликтот во Украина покажа дека сајбер-просторот исто така може да игра улога во спроведувањето на нарачаната операција каде главните цели не се машините или мрежите, туку умовите на луѓето.

Интернетот и социјалните медиуми, заради нивната можност да размножуваат информации со голема брзина и по мала цена, се повеќе се користат за пропаганда, борба против информации и операции за влијание, од кои

сите може опипливо да ја променат и перцепцијата и однесувањето на целната публика.

Социјалните сајбер напади забележани за време на кризата во Украина доведоа до претпоставка дека барем неколку од нив се спроведени на организиран начин, како дел од стратегијата за поголемо влијание.[94]

Карактеристична, а и доста популарна е веб страницата “Stopfake” која започнала како иницијатива на наставници, студенти и магистранти, а со единствена задача – проверка и негирање на искривените информации и пропаганда за тоа што се случува во Украина, за разлика од тоа што се шири во мас медиумите.[95]

Уште од самиот почеток се појавиле стратешки комуникации во дигиталниот етер со што се направиле обиди за преиначинување и создавање погрешна слика за точната комуникација помеѓу владите.

За време на конфликтот на социјалните медиуми проруските дигитални активисти негувале страв, вознемиреност и омраза меѓу руското население на Украина. Тие манипулирале и дистрибуирале слики од наводни злосторства од страна на украинската армија, вклучувајќи: слики на мачени лица, цивили кои се користат за трговија со органи, регрутирање на деца војници, употреба на тешко оружје против цивили итн. Преку социјалните медиуми, таквите информации, без разлика дали се дадени со докази или не, секогаш ја обиколуваат земјината топка за помалку од 2 часа, и лесно влијаат на перцепцијата и однесувањето на целата популација. Во конфликтот во Украина се појавија бројни објавувања на социјалните медиуми за кои се чини дека намерно се шират со цел да се манипулираат со луѓето во источна Украина и пошироко.

[94] Lange-Ionatamishvili, E.& Svetoka, S. (2015). *Strategic Communications and Social Media in the Russia Ukraine Conflict*,NATO CCD COE Publications.
[95] Tereshchuk, V. (2016). *Ukrainian Practice of Virtual Diplomacy*, Petro Mohyla Black Sea State University.

Користењето на социјалните медиуми во руско-украинскиот кофликт предизвика многу сомнеж заради големите количества непотврдени информации, па дури и негирани, што во основа преставуваа значителен доказ дека истите тие се користат за поддршка на воените дејствија на терен.

Современата употреба на социјалните медиуми во Украина со ескалирање на кризата преставувало процес кој се повеќе станувал предмет на фрегментација и изложување на опасност.[96]

Уште пред самиот почеток, во 2013 година, многумина ја опишуваа состојбата на медиумите во Украина, во која украинската влада не успеала да го исполни ветувањето за заштита на слободата на изразување. Новинарите без граници забележуваа дека има се повеќе систематски напади врз персоналот на медиумите во врска со покривање на тензиите во источна Украина, а со тоа и фреквенцијата на киднапирања на новинари во регионот се зголеми.

Целта на овие операции на социјалните медиуми веројатно била да се убедат Украинците дека движењето „Евромејдан“ доведе само до политички хаос во земјата и не е во најдобрите долгорочни интереси на Украина.

[96] Szwed, R. (2016). *Framing of the Ukraine–Russia conflict in online and social media.* NATO Strategic Communications Centre of Excellence.

## 7. ЗАКЛУЧОК

Во согласност со методологијата на научните, истражувачки активности, завршниот дел на магистерскиот труд претставува сублимација на заклучоци што се добиени во текот на истражувањето и анализата на зададената проблематика.

Целта на овој магистерски труд беше да се анализира актуелниот поцес на дипломатскиот дијалог и улогата на интернетот и социјалните мрежи во процесот на разрешување конфликти.

При тоа основната хипотеза на истражувањето се однесува на тоа дека дипломатскиот дијалог и интернетот-социјалните мрежи, веб порталите, електронските вести се поврзани со процесот на разрешување конфликти и тоа најмногу во насока на обезбедување и градење на мирот и миротворството.

Во рамките на оваа хипотеза, разбирливо е тврдењето дека дефинираните чекори на дипломатскиот дијалог и застапеноста на интернет технологијата директно нуди можност за одредување на отпочнувањето на разрешување конфликти, започнувањето на конфликт во конкретниот регион и има влијание врз добиените резултати од општиот пристап во процесот на разрешување конфликти.

Со ова се овозможува подобар увид во можностите и ограничувањата на дијалогот како основна дипломатска алатка во процесот на разрешување на конфликтите, како и во предностите и недостатоците на користењето на интернетот и социјалните мрежи во истиот процес. Конечно, резултатите од анализите можат да послужат како продлабочена ретроспектива за идно успешно толкување и примена на дипломатскиот дијалог и приодите кон разрешување на конфликти во современиот начин на комуницирање и живеење, како и улогата и

влијанието на интернетот и социјалните мрежи како клучни во процесите на градење на мирот.

При анализата на двете студии на случај на земји кои се соочуваат со конфликти различни по времетраење, потекло и сложеност и тоа конфликтот меѓу Индија-Пакистан и конфликтот меѓу Украина-Русија, може да се заклучи дека од огромна важност е примената на дипломатскиот дијалог и соодветните приоди во процесот на разрешувањето на конфликтите, а посебно во денешната дигитална ера која придонесува за брзиот трансфер на информациите и целокупната комуникација. Деталностите на состојбите во земјите-студии на случај, каде едните се соочуваат со долготрајни, длабоки и прилично насилни конфликти ги потврдуваат сите предности и ограничувања на дипломатскиот дијалог и употребата на интернетот во процесот на разрешување конфликти, а со единствена цел, ставање крај на насилството и воспоставување долгорочен мир по пат на миротворство и градење на мир.

Заклучок кој може да се донесе е дека не постои универзално решение на конфликтите во светот, ниту пак ефективно решение кое секогаш потполно ќе ги задоволи конфликтните страни. Присутна е потребата од разбирање на конфликтот и примена на пристапот кој е најсоодветен за негово разрешување. Конфликтот е резултат на разноликости и разлики, но не е и секогаш негативен. Содржината на конфликтот секогаш се состои од потреби, перцепции, моќ, вредности и принципи, чувства и емоции, кои состојки ги нагласуваат врските помеѓу страните во конфликтот. Разбирањето на тоа кои компоненти кои се вклучени во одредениот конфликт е основно за разрешување на конфликтот.[97]

Неспорниот факт односно постоењето на дигиталната ера во сите сегменти на денешното човеково постоење и функционирање, е неразделлив момент и од водењето на дипломатијата во земјите и во нивната меѓународна интеракција. Интернетот и социјалните мрежи преставуваат модерни современи алатки на

[97] Др. Викс, Д. (1998). *Осум есенцијални чекори кон разрешување конфликти*. Балкански центар за мир, Филозофски факултет, Скопје. Унион траде. Скопје

меѓусебно општење помеѓу сите слоеви во државите. Дигитализацијата овозможува брз трансфер на информации, поврат на одговори во исто време со поставеното прашање и дава можност на брза реализација и подготовка на терен за донесување решение.

Во дел од студиите на случај (Индија- Пакистан) стана збор за долгорочен процес на преговарање, посредување, кој во неколку наврати се прекинува и се враќа на почеток, па на момент и изгледа невозможен. Но сепак, без преговарање и дијалог, меѓусебна толеранција и почитување на демократските морални вредности не може да се замисли разрешувањето на конфликтот. Постоењето на интернетот и поврзаноста на државите преку социјалните мрежи придонесува во градењето на довербата и желбата за соработка меѓу нив. Употребата на меката дипломатија и нејзината постојана примена токму преку дигиталните технолошки средства и методи, придонесуваат за промена на перцепциите на лидерите на државите, а и на светот кон нив.

Дипломатскиот дијалог и влијанието на интернетот и социјалните мрежи во процесот на разрешување конфликти води до конечниот заклучок дека долготраен мир може да се воспостави само преку градење и одржување на културата на мирот. Културата на мирот ги подразбира активностите преземени со цел за градење на мир и миротворство, а воедно и почитување на културните права и културниот идентитет особено во мултикултурните општества каде многу треба да се направи за разликите и недоразбирањата да се надминат и да се трансформираат во взаемна доверба, почит и толеранција.

Меѓународната безбедност е важен предуслов во процесот на разрешување н конфликти. Меѓународната безбедност, која корените ги има во стратегијата на рамнотежа на силите, преставува состојба во меѓународните односи во која нема страв од меѓусебен напад и загрозување на темелните вредности на државите меѓусебно, а секако со цел да се создаде една состојба во која една држава нема да смета дека несигурноста на соседната држава значи и сопствена несигурност. Меѓународната безбедност е збир на мерки што го

осигуруваат опстанокот на сите држави а со тоа и како предуслов за опстанок и развој на самата меѓународна заедница.[98]

Тука неминовно се наметнува и концептот на глобална безбедност, која иако можеби идеалистична, ги надминува меѓународната и заедничката безбедност и нуди продлабочување и проширување на безбедносните содржини надвор од воените и политичките теми и задолжително вклучување на концептот за човекови права, еколошка заштита, економски просперитет и општествен развој.

[98] Дојчиновски, М. & Левковски, Љ. (2011). *СКРИПТА по Основи на Национална Безбедност.* Универзитет Гоце Делчев. Штип

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Adesina*, O. (2017). Foreign policy in an era of digital diplomac. University of Lancaster, UK.*

Amirkhanyan, L. (2011). *Globalitation and international relations*. Translator and Specialist of cross-Cultural communication Representative form Yerevan, Armenia

Bebler**,** A. (2015). *Crimea and the Russian-Ukrainian Conflict*. Romanian journal of European affairs.

Bercovitch, J. Kremenyuk,V. &. Zartman, W. (2009). *The Sage Handbook od Conflict Resolution*. Thousand Oaks, CA

Bhagwat , S. Goutam, A. (2013). *Development of Social Networking Sites and Their Role in Business with Special Reference to Facebook*. IOSR Journal of Business and Management

Butenko, V. & Dr. Zürcher, S. (2014). *Simulation of Negotiations: Ukraine-Russia-European Union Relations Ukraine – Russia: Relationships 2014 – present*

Cheema, M. J. (2015). Pakistan- India conflict with special reference to Kashmir. University of the Punjab, Lahore. South Asian Studies. A Research Journal of South Asian Studies

Cohen-Almagor, R. (2011). *Internet History*, University of Hull, UK, International Journal of Technoethics
Costigan, S.& Perry, J. ( 2012). *Cyberspaces and Global Affairs*. New York: Routledge.

Dasgupta, S. (2015). Kashmir and the Indian- Pakistan composite dialogue process. S. Ratnam school of international studies Singapore

Dizrad Jr, W. (2001). *Digital Diplomacy U.S. foreign policy in the information age*. London: Praeger

Достинова Запрова,Т., Сотироски, Љ. (2014). Дипломатска организација, дејност и професија. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

DiploFoundation. "Digital Diplomacy, E-diplomacy, Cyber diplomacy." https://www.diplomacy.edu/ediplomacy

Дојчиновски, М. & Левковски, Љ. (2011). *СКРИПТА по Основи на Национална Безбедност.* Универзитет Гоце Делчев. Штип

Filipchuk, V. (2016). *Interantional reacekeeping and war in eastern Ukraine: are there any points of contact?*. International Centre for Policy Studies (ICPS)

Фрчкоски, Љ. Д. (2012). *Преговарање во конфликти на идентитети.* Скопје. Магор

Галтунг, Ј. (2000). *Трансформација на конфликти со мировни средства,Трансценд метод.* Балкански центар за мир, Скопје.

Grech, O. (2006). *Virtual Diplomacy –Diplomacy of the age.* A dissertation presented to the Faculty of Artsin the University of Malta for the degree ofMaster of Arts in Contemporary Diplomacy.

Griffiths, M. & O'Callaghan*, T. (2002).Internatiomal relations: The key concepts.* Routledge11 New Fetter Lane, London EC4P 4EE

Гоцевски, Т. Ортаковски, В. Георгиева, Л. (1999). *Разрешување и трансформација на конфликтите*. Македонска ризница – Куманово. 26-27стр

Hocking, B. & Melissen, J. (2015). *Diplomacy in the Digital Age*. Netherlands institute for international relations. Clingendael

Henrikson, K.A. (2006*). What can public diplomacy achieve*. Netherlands institute for international relations. Clingendael

Incerti-Théry, I. (2016). *Dialogue as a tool in peacebuilding: Theoretical and empirical perspectives.* The Arctic university of Norwey, Centre for Peace Studies,Faculty of Humanities, Social Sciences and Education, Master's thesis in Peace and Conflict Transformation.

Јаневски, Т. (2015). *Интернет технологии.* Универзитет "Св. Кирил и Методиј". Скопје.

Journal of Comparative Legislation and International Law © 1923 Cambridge University Press, https://www.jstor.org/stable/753139?seq=1#page_scan_tab_contents, 01.11.2019

Kaneva, N. (2011). *Nation branding: Toward an agenda for critical research*. International Journal of Communication

Lee. D & Hocking. B. (2011). *Diplomacy*. (published in Bertrand Bardie, Dirk-Berg Schlosser & Leonardo Morlino (eds.) . International Encyclopaedia of Political Science.

Lavoy, P.R.(2006). *Pacistan's strategic culture.* Report for Defence Threat Reduction Agency, USA

Lange-Ionatamishvili, E.& Svetoka, S. (2015). *Strategic Communications and Social Media in the Russia Ukraine Conflict*,NATO CCD COE Publications.

Марковски, Д. (2017). *Современи дипломатски методи.* Фондација Фридрих Еберт- Канцеларија Скопје, 2017

Марковиќ, Н. & Поповиќ, М. (2015). *Политички дијалог*. Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија, во соработка со Институт за демократија „Societas civilis" – Скопје.

Manor, I. (2018). *The Digitalization of Diplomacy:Toward clarification of a Fractured Terminology.* University of Oxford. DigDiploROx Working Paper No 2.

Милошевска,Т. (2018). *Глобален тероризам*. Скопје. Филозофски факултет

Moore, C. (1996). *The Mediation Process*. San Francisco: Jossey-Bass Publishers.

Olubukola S. A. (2017). *Foreign policy in an era of digital diplomacy*. University of Lancaster. UK.

Parmar, L. (2011). Globalisation and indian civil-military relations. Филозофски факултет- Скопје, Институт за безбедност, Одбрана и Мир.

Padder, S. (2012). *The Composite Dialogue between India and Pakistan: Structure, Process and Agency.* South Asia Institute Department of Political Science Heidelberg University.

Palit, P. S. (2018). *India's use of social in public diplomacy.* Rajaratnam School of International Studies ( RSIS), Nanyang Technologocal University (NTU), Singapore,(public Diplomacy of Rising and Regional powers).

Pikulicka- Wilczewska, A. & Sakwa, R. (2016). *Ukraine and Russia People, Politics, Propaganda and Perspectives*. E-International Relations www.E-IR.info Bristol, England.

Ramsbothan, O. Woodhouse, T. Miall, H. (2016). *Contemporary conflict resolution*. Fourth edition,Polity press, Cambridge CB2 1UR, UK

Renken, W. (2014). *Social Media Use in Public Diplomacy*. MSc in Strategic Public Relations jointly delivered by the University of Stirling and Lund University.

Ropers, N. (2004). *From Resolution to Transformation: The Role of Dialogue Projects*. Research center for constructive conflict management, Edited version Aug 2004

Sarvjeet, S. (2016). *Digital Diplomacy in India: Virtual networks, Real gains*. Universite Paris Sorbonne.

Sargsyan, A.H. (2019). *Unpacking Complexity in the Ukraine Peace Process,* Center for Security Studies (CSS) at ETH Zurich, No. 243.

Seib, Ph. (2016). *The Future of Diplomacy.* Cambridge, UK; Malden, MA: Polity Press

Szwed, R. (2016). *Framing of the Ukraine–Russia conflict in online and social media.* NATO Strategic Communications Centre of Excellence.

Ташковски, И. & Танески, Н. (2018). *Разрешување конфликти и меѓународен тероризам*. Скопје : Ка ел ес принт

Tereshchuk, V. (2016). *Ukrainian Practice of Virtual Diplomacy*. Petro Mohyla Black Sea State Univesity.

Tillet, G. (1991) *Conflict and its Resolution*. In HRM 540 Theory of Conflict Resolution: Study Guide Module 2, (1998) Charles Sturt University.

Verrekia, B. (2017). *Digital Diplomacy and Its Effect on International Relations*, SIT Graduate Institute/SIT Study Abroad.

Викс, Д. (1998). *Осум есенцијални чекори кон разрешување конфликти*. Балкански центар за мир, Филозофски факултет, Скопје. Унион траде. Скопје

Виоти, П. & Каупи, М. (2009), *Меѓународни односи и светска политика-безбедност, економија, идентитет,* Академски печат, Скопје

Wani, H. A. *(2011). Understanding Conflict Resolution.* Research Scholar Department of Political Science Aligarh Muslim University, Aligarh, INDIA

Zartman, W. (2008). *Negotiation and Conflict Management.* Essays on theory and practice. Routledge 2 Park Square, Milton Park, Abingdon, Oxon OX14 4RN, 17-16

Zakharova, O. (2014). *Mapping of dialogue initiatives to resolve the conflict in Ukraine*. International Centre for Policy Studies (ICPS). Ukrain

Zingel, W.P. (2004). *Kashmir Conflict.* South Asia Institute of Heidelberg University, Department of International Economics(Symposium on “Violent conflicts and their impact on democracy in South Asia”, organized by the Center for Development Research (ZEF) and Bonn International Center for Conversion (BICC), Bonn.

Zhdanova, M. & Orlova, D. (2017*). Computational Propaganda in Ukraine:Caught Between External Threats and Internal Challenges*. University of Oxford

## Интернет извори:

https://www.slobodnaevropa.mk/a/29409962.html

www.dapra.mil

http://www.yourarticlelibrary.com/international-politics/diplomacy-meaning-nature-functions-and-role-in-crisis-management/4849115/18.

http://www.yourarticlelibrary.com/international-politics/diplomacy-meaning-nature-functions-and-role-in-crisis-management/48491

https://www.jstor.org/stable/2009796?seq=1-

http://www.berghof-handbook.net

https://global.britannica.com/topic/diplomacy

https://www.diplomacy.edu/ediplomacy

www.cmd-malawi.com

http://www.culturaldiplomacy.org/

www.ijhssnet.com

www.iosrjournals.org

https://digitalcollections.sit.edu/isp_collection

https://www.diplomacy.edu/ediplomacy.

https://www.saisreview.org/2019/02/13/the-future-of-diplomacy-and-the-hand-of-social-media/

https://a1on.mk/archives/tag/nato/page/144